# 25 ГОДИНИ

# МАКЕДОНСКИ НОТАРИЈАТ

# ОБРАЌАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, Г-ДИН МЕТОДИЈА РИСТОСКИ




**Г-дин Методија Ристоски**
*Претседател на Нотарска комора на Република Северна Македонија*

Почитуван заменик министер, г-ѓа Викторија Аврамовска – Мадиќ,
Почитувани гости,
Почитувани нотари и колеги,
Почитувани дами и господо,

Најнапред би сакал од името на целиот македонски нотаријат да се заблагодарам за денешното Ваше присуство на овој значаен ден – ден кога одбележуваме 25 години македонски нотаријат.

Ова е момент на гордост и голема радост за сите нас, како и повод да се потсетиме на развојниот период низ кој поминавме овие изминати 25 години, на предизвиците што ги надминавме и успесите што заедно ги постигнавме.

Пред 25 години, РМ направи значаен чекор во препознавањето на потребата од нова алка во нашиот правен систем, односно воспоставување на нотарската професија.



Гледано од денешен аспект, со поставување на темелите на нотаријатот, направена е најдобрата реформа, реформа која ги поддржува и одржува принципите на правдата и го штити интегритетот на правниот поредок.

Доказ за тоа дека нотаријатот ја оправда реформата на државата е тоа што во периодот на постоење, во континуитет ни се доверуваат нови надлежности, а сè тоа во интерес на граѓаните.

Како лица со јавни овластувања со надлежности доверени од државата, сносиме голема одговорност, имаме клучна улога во обезбедување доверба на јавноста за нашите дела, гаранција за веродостојноста на нотарските исправи, превенција на судски спорови, уписи во јавни регистри, спроведуваме мерки и дејствија за спречување перење пари.

Ние сме чувари на правните трансакции, и воедно доверено ни е да ја осигураме нивната важност, автентичност и усогласеност со законот.

Нашата улога се протега многу подалеку од мастилото на страницата, ние сме столбовите на правната сигурност, олеснувачи на правдата и заштитници на индивидуалните права.

Во изминатите 25 години, одигравме клучна улога во обликувањето на нашиот правен систем. Професонално работевме на одржување на владеењето на правото.

Се стремиме да ги задржиме највисоките стандарди на професионализам, интегритет и експертиза, задржувајќи ја довербата на јавноста во нашите услуги.

Сепак, нашето патување не застанува тука.

Додека ги славиме нашите достигнувања од минатото, мора да се соочиме и со предизвиците од сегашноста, како и со предизвиците што ни претстојат.

Светот околу нас забрзано се менува, а правната професија мора да се развива и да одговори на предизвикот.

Во текот на изминатиот четврт век, нотаријатот растеше и еволуираше, прилагодувајќи се на променливите потреби на нашето општество.

Во дигиталниот свет нотаријатот се движи со времето, на начин што ги прифативме новите технологии, ги проширивме нашите области на знаења и постојано ги усовршувавме нашите вештини за да останеме во првите редови на технолошки развиените професии.

Ние, нотарите, мора да продолжиме да се прилагодуваме на технолошкиот напредок, да ги прифатиме иновациите и да ја искористиме моќта на дигитализацијата за да ја подигнеме на највисоко ниво пристапноста и ефикасноста на нашите услуги.

Технолошкиот напредок, глобалната меѓусебна поврзаност и променливите општествени норми бараат да се приспособиме, да иновираме и да ги прифатиме промените.

Тоа значи да останеме во тек со правните случувања и постојано да ги ажурираме нашите знаења и вештини.

Се чини дека е зрело време да се работи на електронска нотарска архива и електронските нотарски исправи, кои ќе значат чекор напред за усовршување и олеснување на нотарското работење.

Покрај тоа, не треба да заборавиме да продолжиме да ги браниме вредностите што нè водеа од самиот почеток – интегритетот, професионализмот и гарантирање на правдата.

Како што тргнуваме на следното поглавје од нашето патување, да не заборавиме на моќта на соработката.

Да поттикнеме средина на колегијалност и меѓусебна соработка, каде што разновидните мислења и колективната мудрост ќе придонесат за предизвиците што следуваат.

Во оваа значајна пригода, би сакал да изразам благодарност до секој член на нашата комора.

Вашата посветеност, стручност и професионализам се движечката сила зад нашиот колективен успех.

Исто така, би сакал да изразам благодарност до јавноста и до сите наши клиенти, чијашто доверба е исто така една од основите на нашиот успех и достигнувања.

Упатувам благодарност до сите наши вработени, пријатели, институции, правни субјекти.

Посебна благодарност до Министерството за правда за несебичната поддршка која сите овие години му ја даваат на нотаријатот.

И, се разбира, особена почит и благодарност кон основачите на нотаријатот и творците на првиот Закон за вршење на нотарските работи, покоен д-р Драган Тумановски, судија на Врховниот суд, проф. д-р Арсен Јаневски (во пензија) на Правниот факултет Јустинијан Први во Скопје и Ранко Максимовски, судија (во пензија) во Врховниот суд.

Додека го славиме овој јубилеј, да гледаме на иднината со оптимизам, храброст, нови достигнувања, односно исчекор напред кон новините на семејството во кое припаѓаме, семејството викано латински нотаријат.

Заедно, да продолжиме да ги штитиме правата и интересите на граѓаните и да придонесеме за напредокот и просперитетот на нашето општество. Да продолжиме да го поддржуваме владеењето на правото.

Во пресрет на дваесет и петгодишнината од основањето и функционирањето на нотаријатот, како јавна служба во правосудството на РМ, Нотарската комора, преку своите органи, интензивно работеше на заокружување на овој период со изработка и донесување на Коментар на Законот за нотаријатот.

Коментарот на ЗН ќе биде корисно средство и помош на нотарите во работењето, но истовремено и појдовна основа за воедначување на нотарската практика и за постојано унапредување и развој на нотаријатот како јавна служба во правниот систем на државата во интерес на граѓаните и другите правни субјекти.

Како прв Коментар на Законот за нотаријатот, секако, претставува голем придонес во развојот и унапредувањето на нотарската служба, особено и поради фактот што Коментарот содржи бројни стручни трудови и правни мислења корисни за нотарското работење и правната фела.

Со издавање на Коментарот на Законот за нотаријатот, Нотарската комора истовремено одговори на една од своите надлежности и одговорности да се грижи за правилното и законитото работење на секој нотар одделно и на нотарската служба во целина.

Овој значаен проект на Комората ќе биде белег на одбележувањето 25 години македонски нотаријат, по чиј повод и се издаде Коментарот и денес ќе им биде поделен на сите присутни.

Нека ни е честит јубилејот и нека следните години бидат исполнети со уште поголеми достигнувања и заеднички успеси.

Ви благодарам на вниманието



# НОТАРИ СО НАВРШЕНИ 25 ГОДИНИ НОТАРСКО РАБОТЕЊЕ

1. Виолета Ангеловска
2. Матилда Бабиќ
3. Тодор Бошковски
4. Мери Весова
5. Васил Кузманоски
6. Нада Палиќ
7. Зорица Пулејкова
8. Снежана Сарџовска
9. Иса Ајдини
10. Соња Божинкочева
11. Весна Василеска
12. Боге Дамески
13. Јован Ѓорѓовски
14. Сашо Ѓурчиноски
15. Момана Иваноска
16. Веселинка Деребанова Крстевска
17. Емилија Манолева
18. Јорданка Митевска
19. Верица Панова Стевкова
20. Билјана Пецовска
21. Билјана Дамјановска Јанчевска
22. Ирфан Јонузовски
23. Марјан Коцевски
24. Соња Катранџиска Кимова
25. Елена Мартинова
26. Мексуд Максуд
27. Весна Паунова
28. Иво Серафимоски
29. Елизабета Стојаноска
30. Агрон Чутра
31. Хакија Чоловиќ










*Скопје; 10 јуни 2023 година*

25 ГОДИНИ













МАКЕДОНСКИ НОТАРИЈАТ







41

НОТАРСКА КОМОРА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# НОТАРИУС

CHAMBRE DES NOTAIRES
DE LA RÉPUBLIQUE
DE MACÉDOINE DU NORD




Издавач:
**НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Главен и одговорен уредник:
нотар **Игор Ефремоски**

Редакциски одбор:
нотар **Вјолца Мехмеди,**
нотар **Цеца Малева Стоев,**
нотар **Лидија Симонова Трајчева,**
**Садула Изаири,** судија во Основен суд Тетово
д-р **Горан Коевски,** редовен професор на Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје
д-р **Дејан Мицковиќ,** редовен професор на Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје

Адреса:
**НОТАРСКА КОМОРА НА РСМ**
бул. „8 Септември” бр. 2/2, 1000 Скопје,
Тел.: 02 3115 816
Секретар: 078 219 867
e-mail: contact@nkrm.mk
www.nkrm.org.mk
Даночен број: МК 4030998346127
Жиро сметка: 240010000006382
УНИ БАНКА АД Скопје

Лектор:
**ЗОРИЦА МАНАСКОВА**

Графички дизајн и техничко уредување:
**СТУДИО КРУГ Скопје**

Печати: **ПРОПОИНТ Скопје**

Тираж: **300** примероци


Изнесените ставови и мислења и презентираните факти во трудовите објавени во Нотариус се на авторите и не секогаш ги одразуваат ставовите и мислењата на издавачот.

Дел од терминологијата која се користи во текстовите, специфична за проблематиката на темите во весникот, е оставена онака како што мислеа авторите, без поголема лекторска анализа.
Од лекторот

# НОТАРИУС 41

## СОДРЖИНА >>

**ГЛАВА I**
АКТИ НА НОТАРСКА КОМОРА . . . . 5

СТАТУТ НА НОТАРСКА КОМОРА НА РСМ . . . . 7

ПРАВИЛНИК ЗА РАБОТА НА СОБРАНИЕТО НА НОТАРСКА КОМОРА НА РСМ . . . . 27

ОДЛУКА ЗА ОСНОВАЊЕ НА НОТАРСКА АКАДЕМИЈА НА НОТАРСКА КОМОРА НА РСМ . . . . 40

**ГЛАВА II**
СТРУЧНИ ТЕМИ . . . . 43

ВИДОВИ НА УПРАВЕН НАДЗОР ОД НАДЛЕЖНИ ДРЖАВНИ ОРГАНИ НАД ЗАКОНИТОСТА НА РАБОТЕЊЕТО НА НОТАРИТЕ И НОТАРСКА КОМОРА НА РСМ
д-р Фиданчо Стоев, судија во пензија . . . . 45

НЕКОИ ПРАШАЊА ПОВРЗАНИ СО ФОРМА НА ДОГОВОР ЗА ПРЕНОС НА УДЕЛ ВО ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ
Теофил Томановиќ, судија во пензија . . . . 54

**ГЛАВА III**
МАТЕРИЈАЛИ УТВРДЕНИ ОД СТРУЧЕН СОВЕТ И УСВОЕНИ ОД УПРАВЕН ОДБОР . . . . 61

ПРАВНО МИСЛЕЊЕ ЗА ЕЛЕКТРОНСКО ОДРЖУВАЊЕ НА СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ . . . . 63

ПРАВНО МИСЛЕЊЕ ЗА ИЗДВОЈУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИ ИМОТ ВО ОСТАВИНА . . . . 66

ПРАВНО МИСЛЕЊЕ ЗА ОБЕМ НА НАСЛЕДНИЧКА ИЗЈАВА . . . . 68

ЗАКЛУЧОК ЗА ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ КАКО КОМУНАЛНА УСЛУГА . . . . 72

ОДГОВОРИ НА ПРАШАЊА ПОСТАВЕНИ НА НОТАРСКИ ДЕНОВИ, ОДРЖАНИ НА 4 И 5 ЈУНИ 2022 ГОДИНА 74

**ГЛАВА IV**
ОДЛУКИ ЗА ИЗБОР НА ОРГАНИ НА НОТАРСКА КОМОРА
(МАНДАТЕН ПЕРИОД 2023-2026 ГОДИНА) . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **81**

ОДЛУКА ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НОТАРСКА КОМОРА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **83**

ОДЛУКА ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВЕН ОДБОР НА НОТАРСКА КОМОРА . . . . . . . . . . . . . **84**

ОДЛУКА ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА НАДЗОРЕН ОДБОР НА НОТАРСКА КОМОРА . . . . . . . . . . . . **85**

ОДЛУКА ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА СТРУЧЕН СОВЕТ НА НОТАРСКА КОМОРА . . . . . . . . . . . . . **86**

ОДЛУКА ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА РЕДАКЦИСКИ ОДБОР НА НОТАРСКА КОМОРА . . . . . . . . . . . **87**

**ГЛАВА IV**
ИНФОРМАЦИИ ЗА НОТАРИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **89**

# ГЛАВА I >>

## АКТИ НА НОТАРСКА КОМОРА

Во согласност со членовите 118 и 121 став (1) точка а) од Законот за нотаријатот („Сл. весник на РМ“ бр. 72/16, 142/16 и 233/18), Собранието на Нотарската комора на Република Северна Македонија, на седницата одржана во х. Изгрев, Струга, на ден 8 април 2023 година, го донесе следниот:

# СТАТУТ
## на Нотарската комора на Република Северна Македонија

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Статут се уредуваат: името, седиштето, знакот, печатот и штембилот, задачите и делокругот на работа, внатрешната организација и работа на Нотарската комора на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Комората), изборот и разрешувањето, составот и надлежноста на органите и телата на Комората, Нотарската Академија, почесното членство и свечени признанија, стручното списание Нотариус, актите на Комората и начинот на нивното донесување, имениците и деловните книги на Комората, Стручната служба на Комората, средствата и фондовите на Комората, членарината, службената легитимација, водењето на Регистарот на тестаменти, како и други прашања значајни за нотаријатот и работењето на Комората, ако не е поинаку уредено со Законот за нотаријатот.

**Член 2**

(1) Името на Комората е: НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА.

(2) Скратен назив на Комората е: НКРСМ.

(3) Седиштето на Комората е во Скопје.

**Член 3**

(1) Нотарската комора на Република Северна Македонија е самостојна и професионална организација на нотарите, која дејствува на целата територија на Република Северна Македонија.

(2) Членови на Комората се сите нотари запишани во Именикот на нотари на Комората.

(3) За поуспешна организација на нотарите, како и за подобра соработка помеѓу органите на Комората и нотарите, на териториите на апелационите судови (Битола, Гостивар, Скопје, Штип), членовите на Управниот одбор од тие подрачја, најмалку двапати годишно, организираат состаноци и средби на нотарите за разгледување на прашања и теми од значење за нивната работа.

**Член 4**

(1) Комората има својство на правно лице.

(2) Комората за своите обврски одговара со целиот свој имот.

(3) Комората ги претставува нотарите и ги застапува нивните интереси.

(4) Комората ја претставува и ја застапува претседателот на Комората.

**Член 5**

(1) Комората има свој знак, кој може да се заштити како трговска марка.

(2) Ликовно-графички приказ на знакот е:

**НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**CHAMBRE DES NOTAIRES DE LA RÉPUBLIQUE DE MACÉDOINE DU NORD**

(3) Комората има свој печат со кружна форма и со пречник од 4 см.

Во внатрешната страна на печатот во форма на полукруг испишан е следниот текст:

**„Република Северна Македонија“**,

потоа **„Нотарска комора на Република Северна Македонија“**.

Во средината на печатот стои **„грбот на Република Северна Македонија“**.

Под грбот на Република Северна Македонија наведено е седиштето „Скопје“.

На самиот раб на печатот во форма на круг се исцртани две паралелни тенки линии.

(4) Комората има свој штембил со правоаголна форма и со следната содржина:

„Ознака на грбот на Република Северна Македонија,

Нотарска комора на Република Северна Македонија,

Празен простор за број и датум на актот (кој се прима или се испраќа),

Скопје“.

Доколку на писменото има меморандум, штембилот не се втиснува.

Штембилот ги има следните димензии: должина 7 см, ширина 4 см.

**Член 6**

(1) Комората е членка на Меѓународната унија на латински нотаријати (UINL).

(2) Комората соработува со други нотарски комори во странство и може да биде членка и да остварува соработка со домашни и меѓународни здруженија, научни установи, организации и асоцијации поврзани со нотарската дејност.

**Член 7**

(1) Секој нотар задолжително се запишува во Именикот на нотарите што го води Комората, на објавениот датум за почеток со работа во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

(2) Со уписот во Именикот на нотарите, нотарот станува член на Комората и се стекнува со сите права и обврски што произлегуваат од Законот за нотаријатот, други закони, подзаконски акти, овој Статут и други акти на Комората.

(3) Во Комората може да членуваат и почесни членови.

## II. ЗАДАЧИ И ДЕЛОКРУГ НА РАБОТЕЊЕ НА КОМОРАТА

**Член 8**

(1) Основна задача на Комората е да ја унапредува, координира и да ја развива нотарската дејност во Република Северна Македонија и на меѓународно ниво.

(2) Комората преку своите органи и тела се грижи за законито работење на нотарите, за совесно и одговорно вршење на нотарската служба, за чување на угледот и честа на нотарите, ги штити нивните права и интереси, ја штити законитоста, самостојноста и независноста на нотарите како лица кои вршат јавни овластувања и одлучува за нивните права, обврски и одговорности, во согласност со закон.

(3) Задачите што ги врши Комората се од јавен, самостоен и независен интерес.

(4) Комората своите задачи ги уредува и извршува во согласност со Уставот, законите, меѓународните договори ратификувани во согласност со закон, подзаконски прописи, одредбите од овој Статут и другите акти на Комората.

**Член 9**

(1) Покрај надлежностите уредени со Законот за нотаријатот, Комората ги врши и следните задачи:

- Обезбедување услови за стручно, ефикасно, самостојно и независно вршење на нотарските работи;
- заштита на предметот на работа, јавните и службените овластувања на нотарите;
- утврдување услови за осигурување на нотарите од одговорност за штета и избор на најповолно осигурително друштво, во случаи кога осигурувањето го организира Комората;
- обезбедување и усогласување посебни услови за осигурување од одговорност за штета во име на нотарите;
- утврдување правила и Кодекс за професионална нотарска етика и нивно почитување и развивање;
- развивање и негување меѓусебна солидарност на сите нотари во Република Северна Македонија;
- обезбедување помош на нотар или на негово потесно семејство во случај на времена или трајна неспособност за работа на нотарот, на начин утврден со посебен акт на Комората;
- се грижи за карактерот на канцеларијата на нотарот, како место од јавен интерес и контактира со надлежните органи за одржување на јавниот ред и мир;
- обезбедување услови за водење и чување на архивскиот и документарен материјал на Комората;
- водење Централна електронска нотарска архива;
- водење Регистар на тестаменти и други регистри во согласност со закон; и
- извршување други задачи утврдени со закон, подзаконски акти, со овој Статут или со други акти на Комората.

**Член 10**

(1) Комората има свои уписници и други деловни книги уредени со Законот за нотаријатот и подзаконските акти.

(2) Комората врши упис на нотари, заменик-нотари, помошник-нотари, нотарски стручни соработници, нотарски приправници и нотари кои привремено ја вршат службата, во соодветни именици на начин и под услови уредени со Законот за нотаријатот и со подзаконските акти.

## III. ОРГАНИ И ТЕЛА НА КОМОРАТА

**Член 11**

(1) Органи на Комората се:

а) Собрание,

б) Управен одбор,

в) Претседател,

г) Стручен совет,

д) Нотарска академија.

ѓ) Надзорен одбор,

е) Дисциплински совет,

ж) Втростепен дисциплински совет.

(2) Тела на Комората се:

а) Комисија за спроведување конкурс за именување нотари,

б) Надзорна комисија за примена на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам,

в) Комисија за етички прашања,

г) Редакциски одбор на списанието „Нотариус“,

д) други комисии и работни тела на Комората од постојан и од времен карактер.

(3) Начинот на работа на органите и телата на Комората се уредува со Правилник.

### 1. Собрание

**Член 12**

(1) Собранието е највисок орган на Комората.

(2) Собранието го сочинуваат сите нотари запишани во Именикот на нотарите.

(3) Собранието се состанува и одржува редовна или вонредна седница според правилата уредени со Законот за нотаријатот.

(4) Седница на Собрание се одржува во место определено со одлука на Управниот одбор.

(5) По исклучок, со одлука на Управниот одбор седница на Собранието може да се одржи по електронски пат, односно аудио и/или видеоконференциски пат, ако за тоа постојат оправдани причини. Условите и начинот на одржување седница по електронски пат се уредува со Правилникот за работа на Собранието.

(6) Со Собранието раководи и претседава претседателот на Комората. Во случај на негова спреченост или отсуство, по негов избор го заменува еден од потпреседателите на Комората, а доколку тоа не е можно, најстариот член на Управниот одбор.

(7) Присуството на нотарот на седниците на Собранието е задолжително. Нотарот кој има оправдани причини за отсуство, должен е за тоа навремено, по писмен пат, да го извести претседателот на Комората.

(8) На покана на претседателот на Комората, на седница на Собранието може да присуствуваат и други лица, без право на глас.

(9) Начинот на свикување, работењето на Собранието, редот и дисциплината, утврдувањето на дневниот ред, како и начинот на одлучување се уредуваат со Правилник за работа на Собранието.

**Член 13**

Покрај надлежностите уредени со Законот за нотаријатот, Собранието ги има и следните надлежности:

- Избира и разрешува членови на Управниот одбор;
- избира и разрешува претседател на Комората;
- избира и разрешува членови на првостепениот Дисциплински совет;
- избира и разрешува членови на Надзорниот одбор;
- избира и разрешува членови на Комисијата за спроведување конкурс за именување нотари;
- избира и разрешува членови на Надзорната комисија за примена на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам;
- избира и разрешува членови на други комисии на Комората во рамките на своите надлежности;
- донесува Статут на Комората;
- донесува Кодекс на професионална етика на нотарите;
- донесува Правилник за работа на Собранието;
- донесува Правилник за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка;
- донесува Правилник за солидарна помош на нотарите;
- донесува Правилник за распределба на средствата по фондови;
- донесува одлука за основање Нотарска академија;
- донесува одлука за висината на членарината и за начинот на плаќање;
- донесува одлука за употребата на средствата добиени од наплата на паричните казни;
- донесува одлука за основање фондови на Комората;
- усвојува годишна сметка за изминатата година и предлог-пресметка за наредната година;
- усвојува извештај за севкупните активности и работа на Комората за изминатата година, поднесен од претседателот на Комората;
- усвојува поединечни извештаи за изминатата година, поднесени од други избрани претседатели на органи или тела на Комората;
- усвојува Програма за работа на Комората во тековната година;
- дава мислење за предлог на Нотарската тарифа;
- донесува одлука за доделување почесно членство;
- донесува одлука за изменување на знакот на Комората;
- разгледува предлози, барања и препораки за успешно работење на Комората и на нотарите;
- донесува одлуки, заклучоци и препораки; и
- врши и други работи, врз основа на закон и други подзаконски акти, кои спаѓаат во делокругот на нотарското работење и нотарската дејност.

## 2. Управен одбор

**Член 14**

(1) Управниот одбор е управен и извршен орган на Комората.

(2) Управниот одбор е составен од единаесет члена.

(3) Претседателот на Комората, по функција е член и претседател на Управниот одбор.

(4) Седниците на Управниот одбор се одржуваат по потреба, со физичко присуство или по електронски пат, најмалку еднаш на три месеци, а по исклучок може да се одржи и вонредна седница.

(5) Седницата на Управниот одбор ја свикува претседателот на Комората.

(6) Седница на Управниот одбор може да биде свикана и на барање на една третина членови од вкупниот број членови на Управниот одбор.

(7) На седниците на Управниот одбор може да присуствува секој член на Комората, под услови уредени со Правилникот за работа на Управниот одбор.

(8) Управниот одбор полноважно може да одлучува ако на седницата присуствуваат повеќе од половина членови на Управниот одбор.

(9) Управниот одбор своите одлуки по правило ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Управниот одбор. За нацрт на Статутот и неговите измени и дополнувања, за годишната пресметка, за одлука по приговор изјавен против одлуките со кои се одлучува за правата, обврските и одговорностите на вработените во Стручната служба на Комората, Управниот одбор може да донесе полноважна одлука ако за неа гласале две третини од вкупниот број членови на Управниот одбор.

(10) Начинот на свикување, раководење, работење и одлучување на Управниот одбор се уредуваат со Правилник за работа на Управниот одбор.

**Член 15**

Покрај надлежностите уредени со Законот за нотаријатот, Управниот одбор ги има и следните надлежности:

- Именува и разрешува членови на Стручниот совет;
- именува и разрешува претседател и членови на Нотарската академија;
- именува и разрешува членови на Второстепениот дисциплински совет;
- именува и разрешува претседател и членови на Комисијата за етички прашања;
- именува и разрешува главен уредник и членови на Редакцискиот одбор;
- на предлог на претседателот на Комората, избира двајца потпретседатели на Комората од редот на своите членови;
- донесува Правилник за работа на Управниот одбор;
- именува и разрешува членови на други комисии на Комората во рамките на своите надлежности;
- донесува Правилник за работа на Стручниот совет;
- донесува Правилник за работа на Нотарската академија,
- донесува Правилник за работа на Надзорниот одбор;
- донесува Правилник за работа на Комисијата за спроведување конкурс за именување нотари;
- донесува Правилник за работа на Редакцискиот одбор;
- донесува Правилник за работа на Комисијата за етички прашања;
- донесува Правилник за вршење надзор над работењето на нотарите;
- донесува Правилник за постапување по претставки со кои се бара поведување дисциплинска постапка против нотар;
- донесува Правилник за депонирање потписи во Комората;
- донесува Правилник за формата и содржината на барањето за евидентирање тестаменти, за упис на промени, исправки, одговор по поднесено барање во Регистарот на тестаменти, како и надоместокот за упис, промени, исправки и одговор;

- донесува Правилник за награди и признанија;
- донесува Правилник за службените патувања на Комората;
- донесува Правилник за хонорарите и надоместок на трошоци за издавачка дејност, едукација и семинари;
- донесува Правилник за прием и практично усовршување на нотарските приправници;
- донесува Правилник за организација и работа на Стручната служба;
- донесува Правилник за работниот ред и дисциплината на вработените во Стручната служба на Комората;
- се грижи за обезбедување законитост и правилна примена на актите на Комората;
- се грижи и обезбедува јавност и транспарентност во работата на Комората;
- одлучува за начинот на користење на средствата од фондовите на Комората;
- утврдува предлог-извештај за севкупните активности и работата на Комората за изминатата година, поднесен од Претседателот на Комората;
- утврдува поединечни извештаи за изминатата година, поднесени од други избрани претседатели на органи или тела на Комората;
- утврдува предлог-програма за работа на Комората за тековната година;
- свикува седница на Собранието и го определува времето и местото на одржување;
- донесува одлука за службени патувања во странство;
- донесува одлука за стручно усовршување на нотар во странство;
- донесува одлука за зачленување на Комората во меѓународни организации, здруженија и асоцијации и други форми на здружувања;
- предлага, дава поддршка за избор или избира членови во органите на Унијата и други домашни и меѓународни здруженија, организации и асоцијации во кои членува Комората или нотарот;
- ги потврдува Правните мислења и заклучоци на Стручниот совет;
- во координација со Стручниот совет, ги утврдува темите за стручните советувања на нотарите;
- дава одобрение на претседателот на Комората за вршење набавки за потребите на Комората, чија вредност надминува поединечен износ од 1.000 евра; и
- одлучува и за други прашања кои се од интерес за Комората и нотаријатот, а со Законот за нотаријатот или со овој Статут не се определени во надлежност на некој друг орган на Комората.

## 3. Претседател на Комората

### Член 16

(1) Претседателот на Комората го избира Собранието на Комората од редот на нотарите.

(2) Претседателот на Комората во случај на негова спреченост го заменуваат потпретседателите, а во случај на спреченост на потпретседателите, го заменува најстариот член на Управниот одбор.

### Член 17

(1) Покрај надлежностите уредени со Законот за нотаријатот, претседателот на Комората ги има и следниве надлежности:

- Претседава со седниците на Собранието;
- ги закажува и претседава со седниците на Управниот одбор;
- ги извршува одлуките на Собранието, за кои посебно е задолжен;

- ги извршува одлуките на Управниот одбор;

- ги извршува одлуките на Дисциплинскиот совет и на Второстепениот дисциплински совет;

- подготвува предлог-извештај за севкупните активности и работата на Комората за изминатата година;

- подготвува и предлага програми за подобрување на условите за работа на нотарите за поуспешно извршување на нотарските работи;

- се грижи за заштитата и за угледот на Комората, нотарите и нотарската дејност;

- ги потпишува записниците и одлуките на Собранието и на Управниот одбор;

- ги потпишува актите на Комората и се грижи за нивното извршување;

- ги потпишува патните налози за патување во земјата и во странство;

- раководи со Стручната служба на Комората;

- го организира книговодството на Комората;

- ги одобрува и потврдува уписите во Имениците на Комората;

- ја координира работата на сите органи и тела на Комората во извршувањето на задачите од нивна надлежност, во согласност со програмските задачи и потреби на Комората;

- донесува решенија, наредби, упатства и налози за спроведување на одлуките на Собранието, Управниот одбор, Дисциплинскиот совет и Второстепениот дисциплински совет, Надзорниот одбор и другите органи и тела на Комората, како и на одлуките на министерот за правда, претседателот на основниот суд или друг надлежен орган;

- врши и други работи што му се ставени во надлежност со закон, подзаконски акти, со овој Статут и со другите акти на Комората.

(2) Управниот одбор може да го овласти претседателот, во итни случаи, самиот да врши определени работи од негова надлежност. Претседателот е должен за секое такво преземено дејствие да го извести Управниот одбор.

## 4. Стручен совет

**Член 18**

(1) Стручниот совет е стручен и советодавен орган на Комората.

(2) Стручниот совет врши работи од интерес на нотаријатот, насочена кон стручно унапредување и усовршување на нотарското работење и на нотаријатот во целина.

(3) Стручниот совет донесува правни мислења и заклучоци и дава одговори на поставени прашања од нотари.

(4) Членовите на Стручниот совет ги именува Управниот одбор.

(5) Стручниот совет го сочинуваат пет постојани члена, од кои двајца се именуваат од редот на нотарите и тројца од редот на истакнати правници.

(6) Во работата на Стручниот совет може да учествуваат и други лица од редот на истакнати правници, членови и едукатори на Нотарската академија, без право на глас.

(7) Правилата за работа и другите прашања поврзани со работата на Стручниот совет се уредуваат со Правилник за работа на Стручниот совет.

## 5. Надзорен одбор

**Член 19**

(1) Надзорниот одбор на Комората го сочинуваат три члена, кои помеѓу себе избираат претседател.

(2) Надзорниот одбор врши надзор над материјално-финансиското работење на Комората, како и начинот на користење на средствата на Комората.

(3) Надзорниот одбор е должен да поднесува до Собранието на Комората извештај за својата работа, најмалку еднаш годишно, при усвојувањето на годишната пресметка на Комората.

(4) Правилата за работа и другите прашања поврзани со работата на Надзорниот одбор се уредуваат со Правилник за работа на Надзорниот одбор.

## 6. Дисциплински совет и Второстепен дисциплински совет

**Член 20**

(1) Составот, изборот и мандатот на Дисциплинскиот совет се уредува со Законот за нотаријатот.

(2) Дисциплинскиот совет ја спроведува дисциплинската постапка и донесува одлука, по поднесено барање за спроведување на дисциплинската постапка од страна на Министерството за правда, претседателот на основниот суд на чиешто подрачје е службеното седиште на нотарот и од претседателот на Комората.

(3) Составот и именувањето на Второстепениот дисциплински совет се уредува со Законот за нотаријатот.

(4) Мандатот на членовите на Второстепениот дисциплински совет трае две години.

(5) Второстепениот дисциплински совет одлучува по жалба поднесена против решение на Дисциплинскиот совет.

(6) Надлежностите на Дисциплинскиот совет и на Второстепениот дисциплински совет, водењето на постапката, како и донесувањето на одлуките се регулираат со Законот за нотаријатот и со Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка.

## 7. Комисија за спроведување конкурс за именување нотари

**Член 21**

(1) Комисијата за спроведување конкурс за именување нотари е составена од пет члена.

(2) Комисијата врши анализи за обемот и содржината на работата на нотарите, врз основа на кои се дава мислење при изборот на нови нотари.

(3) Правата и обврските на Комисијата, како и постапката за спроведување конкурс се уредуваат со Правилник за работа на Комисијата за спроведување конкурс за именување нотари.

## 8. Надзорна Комисија за примена на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам

**Член 22**

(1) Надзорната комисија за примена на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам е составена од пет члена.

(2) Комисијата на Комората врши надзор над примената на одредбите од Законот за спречување перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам, врз основа на годишен план за вршење надзор за примената на мерките и дејствијата определени со Законот за спречување перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам, врз основа на Годишен план за вршење надзор.

(3) Составот, изборот, мандатот и начинот на работа, правата и обврските на Комисијата се утврдени со Законот за нотаријатот и Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам.

## 9. Редакциски одбор на списанието „Нотариус“

### Член 23

(1) Редакцискиот одбор е тело на Комората, кое се грижи за издавање на списанието преку собирање и средување актуелни написи од авторите, одлуки од телата на Комората и други органи од интерес на нотарската служба, јазично и правописно воедначување според видот на материјата, со цел навремена подготовка на списанието за печатење во пишувана и во електронска форма.

(2) Членовите на Редакцискиот одбор ги именува Управниот одбор на Комората.

(3) Редакцискиот одбор го сочинуваат седум члена, од кои четворица се именуваат од редот на нотарите и тројца од редот на истакнати правници. Од редот на избраните нотари се избира главен и одговорен уредник.

(4) Стручното списание „Нотариус“ може да има и меѓународен уредувачки одбор, составен од истакнати правници од странство.

(5) Правилата за работа и другите прашања поврзани со работата на Редакцискиот одбор се уредуваат со Правилник за работа на Редакцискиот одбор на списанието „Нотариус“.

## 10. Комисија за етички прашања

### Член 24

(1) Комисијата за етички прашања утврдува мислења за прашања поврзани со етичкото однесување на нотарот и за доследна примена на начелата на Кодексот на професионалната етика на нотарите.

(2) Членовите на Комисијата за етички прашања ги именува Управниот одбор.

(3) Комисијата за етички прашања ја сочинуваат три члена, кои се именуваат од редот на нотарите.

(4) Утврдените мислења на Комисијата за етички прашања се објавуваат на веб страницата на Комората и им се достапни на сите нотари, со цел да им обезбедат насоки на другите нотари што се соочуваат со слични прашања.

(5) Правилата за работа и другите прашања поврзани со работата на Комисијата за етички прашања се уредуваат со Правилник за работа на Комисијата за етички прашања.

## 11. Други комисии и работни тела на Комората

### Член 25

(1) Собранието на Комората и Управниот одбор можат да формираат и други комисии и работни тела (постојни и времени), во зависност од потребите на Комората.

(2) Правата и обврските на комисиите и на работните тела се регулираат со актот на основање или формирање.

## IV. НОТАРСКА АКАДЕМИЈА

**Член 26**

(1) Комората основа Нотарска академија како орган на Комората, надлежен за стручна наобразба и унапредување на знаењата на членовите на Комората и на стручните служби во нотаријатот во сите области на нивното работење.

(2) Нотарската академија се основа за обезбедување континуирано стручно, професионално, независно, непристрасно и ефикасно извршување на нотарската служба, стручно и ефикасно извршување на работите на стручните служби во нотаријатот, како и за стручна едукација и усовршување на членовите на Комората во сите области на нивната работа, за тековниот развој на правото, следење и предлагање на прописи, давање поддршка на професионалните интереси на нотарите, како и поттикнување меѓународната соработка и размена на искуства во нотаријатите.

(3) Нотарската академија врши обука на кандидати за идни нотари и континуирана обука и стручно усовршување заради унапредување на знаењата на веќе именуваните нотари, преку организирање семинари, научни, стручни и друг вид образовни симпозиуми и работилници и спроведува обуки за професионално, стручно и етичко извршување на работните задачи во нотаријатот, во согласност со закон и меѓународни стандарди и принципи.

(4) Заради успешно извршување на своите задачи, Нотарската академија соработува со Академијата за судии и јавни обвинители, професорите од високообразовните установи, судиите и јавните обвинители, државните правобранители, народниот правобранител, органите на државната управа, други вршители на правосудни дејности, здруженија и други организации кои вршат обуки од областа на правото, како и сродни здруженија и нотарски комори од странство.

(5) Организацијата, делокругот на работа и финансирањето на Нотарската академија се уредуваат со Одлука за основање Нотарска академија.

(6) Правилата за работа и другите прашања поврзани со работата на Нотарската академија се уредуваат со Правилник за работа на Нотарската академија.

## V. ПОЧЕСНО ЧЛЕНСТВО И СВЕЧЕНИ ПРИЗНАНИЈА

**Член 27**

(1) Комората може да има почесни членови.

(2) Почесен член на Комората може да биде домашно и странско физичко или правно лице или истакнат нотар на Комората на кој му престанала службата, кое со своето дејствување придонесува за воспоставување и промовирање на нотарската служба, како јавна служба во Република Северна Македонија.

(3) Почесен член може да се повика на седница на органите на Комората, без право на глас, освен ако не е избран за член на орган или тело на Комората.

(4) Одлука за доделување почесно членство донесува Собранието на Комората, на предлог на Управниот одбор.

**Член 28**

(1) Свечените признанија на Комората се:

а) Медал - се доделува за особени заслуги на нотар за постигнати резултати за развојот на нотаријатот и нотарската дејност и уживање посебен углед меѓу нотарите и граѓаните;

б) Плакета - се доделува за успешно вршење на нотарската дејност, уживање на угледот во Комората и успешното извршување на доверени задачи од страна на органите на управување во Комората и

в) Благодарница - се доделува на нотар кој извршил одредени работи во интерес на Комората.

(2) Свечените признанија се доделуваат со одлука на Управниот одбор.

(3) Формата и содржината на свечените признанија ја одредува Управниот одбор, а по предлог на претседателот на Комората.

## VI. ИЗБОР И РАЗРЕШУВАЊЕ НА ОРГАНИТЕ И ТЕЛАТА НА КОМОРАТА

### Член 29

(1) Членовите на органите и телата на Комората ги разрешува органот кој ги избрал или именувал.

(2) Мандатот на органите и телата на Комората по правило трае три години, освен ако со закон не е поинаку определено.

(3) Нотар не може повеќе од два пати, еднοподруго, да биде избран за претседател или член на ист орган доколку изборот е во надлежност на Собранието и доколку со закон не е поинаку определено.

(4) Мандатот на претседателот на Комората или на член на орган или тело на Комората престанува со истекот на временскиот период за кој е избран, со губење на својството член на Комората, со разрешување или оставка.

### Член 30

(1) За избор на претседател на Комората, членови на Управниот одбор, на Дисциплинскиот совет, на Надзорниот одбор и на Комисијата за спроведување конкурс за именување нотари се гласа тајно, а по исклучок Собранието може да одлучи да гласа и јавно.

(2) За сите останати органи, комисии и тела, гласањето е јавно.

### Член 31

(1) Секој нотар има право да предлага и да биде предложен во органите и телата на Комората.

(2) Предлагање кандидати за органите и телата на Комората се врши на кандидациони собири, за секое апелационо подрачје посебно. Кандидациониот собир може да работи доколку се присутни најмалку една петтина од нотарите запишани за тоа подрачје.

(3) Секој нотар има право да гласа и да биде избран.

(4) Гласањето се врши на гласачки листи, кои се подготвуваат по утврдување на кандидатурата на кандидатите за кои ќе се гласа, со физичко присуство или по електронски пат.

(5) Нотар не може истовремено да биде кандидат во повеќе од еден орган што го избира Собранието.

### Член 32

(1) Утврдување на кандидатот за избор во органите и телата на Комората се врши со јавно гласање.

(2) Кандидатурата е утврдена за оној кандидат за кого гласале мнозинство од присутните нотари на Собранието.

**Член 33**

(1) При кандидирањето на кандидатите за претседател, членови на Управниот одбор, на Дисциплински совет, Надзорен одбор и на Комисијата за спроведување конкурс за именување нотари и други тела, се води сметка за адекватна застапеност на подрачјата на апелационите судови, според соодноc на бројот на нотарите од едно апелационо подрачје во вкупниот број нотари во Република Северна Македонија, како и на националната, територијалната и половата структура на членовите на Комората.

(2) Гласањето за членови на Управниот одбор се врши на четири кандидатски листи, како што следува:
- На кандидатска листа за подрачјето на Апелационен суд Битола се гласа за 2 кандидати.
- на кандидатската листа за подрачјето на Апелационен суд Гостивар се гласа за 2 кандидати.
- на кандидатската листа за подрачјето на Апелационен суд Скопје се гласа за 4 кандидати и
- на кандидатската листа за подрачјето на Апелационен суд Штип се гласа за 2 кандидати.

(3) Гласањето за претседател на Комората, за членови на Дисциплински совет, на Надзорен одбор и на Комисијата за спроведување конкурс за именување нотари се врши на по една кандидатска листа.

**Член 34**

(1) Во првиот круг од гласањето за претседател на Комората се смета дека е избран оној кандидат за кого гласале повеќе од половина од нотарите кои се запишани во Именикот на нотарите.

(2) Ако во првиот круг ниту еден од кандидатите за претседател не го добил потребното мнозинство гласови од ставот (1) на овој член, а на листата имало повеќе од еден кандидат, во вториот круг се гласа за двајца кандидати кои во првиот круг добиле најмногу гласови, а доколку на листата има само еден кандидат, во вториот круг повторно се гласа за тој кандидат.

(3) Во вториот круг на гласање за претседател е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од нотарите кои гласале, доколку гласале повеќе од половина од нотарите кои се запишани во Именикот на нотари.

(4) Ако и по вториот круг ниту еден од двајцата кандидати не го добил потребниот број гласови, тогаш постапката за кандидирање и избор на претседател се повторува.

## Утврдување на резултатите за избор на органи и тела на Комората

**Член 35**

(1) Во првиот круг од гласањето за член на орган или тело на Комората се смета дека е избран кандидат за кого гласале повеќе од половина од присутните нотари на Собранието.

(2) Ако во првиот круг на гласањето од листите на кандидатите не е избран потребниот број членови на органот, во вториот круг се избираат онолку кандидати колку што е потребно за да се пополни составот на органот, а се гласа за кандидатите кои во првиот круг добиле најмалку 10 % (десет проценти) од бројот на нотарите кои гласале.

(3) Во вториот круг на гласање за член на орган на Комората избрани се кандидатите кои добиле најголем број гласови од присутните кои гласале во вториот круг.

## Изборна комисија

**Член 36**

(1) Изборите ги спроведува Изборна комисија составена од пет члена.

(2) Изборната комисија ја избира Собранието на предлог на претседателот на Комората и други членови на Собранието.

(3) Изборната комисија се грижи за законитоста на изборната постапка, обезбедува и подготвува гласачки листи за сите органи и тела што се избираат и ја води постапката за избор.

(4) Спроведувањето на изборите и надлежностите на Изборната комисија се уредуваат со Правилник за работа на Собранието.

**Член 37**

(1) Член на орган или на тело на Комората може да биде разрешен ако:

- управува и работи спротивно на законските прописи, на Статутот и на другите акти на Комората;

- не ги исполнува своите обврски, што влијае на ефикасноста на работата на органот, односно телото;

- неоправдано отсуствува повеќе од три пати од седниците на органите или телата каде што членува, и

- со правосилна одлука е осуден за сторено кривично дело во врска со службената должност.

(2) Постапка за разрешување член на орган или тело може да покрене:

- Собранието,

- Управниот одбор,

- Органот чијшто член се разрешува.

(3) По предлогот за разрешување одлучува органот на Комората кој го извршил изборот или именувањето.

**Член 38**

(1) Претседателот на Комората може да биде разрешен од должноста ако:

- не работи во согласност со законските прописи и одредбите на овој Статут,

- не ги извршува одлуките на Собранието, на Управниот одбор, на Дисциплинскиот совет или не ги спроведува, ненавремено ги спроведува или ги спроведува спротивно на нивното донесување, освен доколку се спротивни на законите;

- со своето работење влијае на неефикасно функционирање на Собранието или на Управниот одбор,

- биде осуден на кривично дело во врска со службената должност, со денот на правосилноста на пресудата.

(2) Иницијатива за разрешување на претседателот на Комората можат да покренат најмалку една третина членови од Управниот одбор или најмалку една третина нотари.

(3) Управниот одбор утврдува дали се исполнети условите од ставот (2) на овој член, и доколку се исполнети, задолжително закажува седница на Собранието во рок од осум дена, кое донесува одлука по поднесената иницијатива.

**Член 39**

(1) Претседателот на Комората и членовите на органи или тела на Комората, поединечно или колективно, можат да поднесат писмена оставка.

(2) Оставката се поднесува до надлежниот орган, кој ја констатира без одлагање и без водење расправа.

(3) Лицата од ставот (1) на овој член се должни да ја вршат функцијата на која се избрани до изборот или именувањето на нови членови или носители на функцијата.

(4) Доколку во последните шест месеци од мандатот претседателот на Комората даде писмена оставка или му престане функцијата нотар од која било причина предвидена во Законот за нотаријатот, до изборот на нов претседател функцијата претседател на Комората (вршител на должност) ќе ја врши потпретседателот на Комората со подолг стаж во вршењето на нотарската служба.

(5) Одлука за именување вршител на должноста - претседател на Комората ја донесува Управниот одбор.

(6) Доколку на избран член на орган или тело на Комората кој го избира Собранието му престане мандатот пред истекот на времето, а на кандидатската листа за која е гласано имало повеќе кандидати, ќе се смета дека е избран и функцијата ќе продолжи да ја врши до истекот на мандатот следниот кандидат од кандидатската листа што има најголем број добиени гласови.

## VII. ЈАВНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА КОМОРАТА

**Член 40**

(1) Работата на Комората е јавна и транспарентна, во согласност со закон.

(2) Јавноста на работата на Комората се остварува преку:

- поднесување годишни извештаи за работата на органите и телата на Комората;
- објавување на актите на Комората на нејзината огласна табла, на веб страницата на Комората, во стручното списание „Нотариус“ и сл.;
- организирање и спроведување јавна расправа за нацрт-актите на Комората;
- соработка со средствата за јавно информирање и
- редовно известување на нотарите за одлуките кои се донесуваат на седниците на органите и телата на Комората, кои произлегуваат од редовното работење и функционирање на Комората, во форма на информација, по електронски пат, преку веб страницата на Комората или стручното списание „Нотариус“.

(3) За јавноста во работата на Комората се грижат Управниот одбор и претседателот на Комората.

### Стручното списание „Нотариус“

**Член 41**

(1) Нотарската комора го издава стручното списание „Нотариус“.

(2) Стручното списание „Нотариус“ се издава во писмена или во електронска форма, се доставува до сите членови на Комората и се објавува на веб страницата на Комората.

(3) Во стручното списание „Нотариус“ се објавуваат домашни и меѓународни стручни и научни трудови од областа на нотарската служба, службените акти и известувања на Комората.

(4) Комората може да издава и други публикации за потребите и во врска со нотарската служба, за што одлука донесува Управниот одбор.

### Веб страница на Комората

**Член 42**

(1) Комората има интернет страница (веб - портал), која се состои од јавен и затворен дел.

(2) На јавниот дел за јавноста се објавуваат информации поврзани со нотарската служба, именикот на нотари, на нотари кои привремено ја вршат службата, отсуства на нотари, стручното списание „Нотариус“, други публикации и информации.

(3) Во затворениот дел на страницата пристап имаат само нотарите, кој служи за комуникација помеѓу Комората и нотарите, како и за објавување на одлуките и другите акти на органите и телата на Комората, согласно со актите на Комората.

**Член 43**

(1) Нотарската комора има библиотека која е сочинета од книжевен фонд, кој се состои од стручни и од други книги и списанија.

(2) Библиотеката се состои од електронска или писмена форма, во која пристап имаат сите нотари.

(3) Работата на библиотеката може да се регулира со посебна одлука на Управниот одбор.

## VIII. АКТИ НА КОМОРАТА

**Член 44**

(1) Актите на Комората мора да бидат во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, Законот за нотаријатот и со други закони и подзаконски акти, договори и спогодби кои Комората ги прифатила или склучила.

(2) Акти на Комората се:

- Статут;
- Кодекс на професионална етика на нотарите;
- Правилник за работа на Собранието;
- Правилник за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка;
- Правилник за солидарна помош на нотарите;
- Правилник за распределба на средствата по фондови;
- Правилник за работа на Управниот одбор;
- Правилник за работа на Стручниот совет;
- Правилник за работа на Нотарската академија,
- Правилник за работа на Надзорниот одбор;
- Правилник за работа на Комисијата за спроведување конкурс за именување нотари;
- Правилник за работа на Редакцискиот одбор;
- Правилник за работа на Комисијата за етички прашања;
- Правилник за вршење надзор над работењето на нотарите;
- Правилник за постапување по претставки со кои се бара поведување дисциплинска постапка против нотар;
- Правилник за депонирање потписи во Комората;
- Правилник за формата и содржината на барањето за евидентирање тестаменти, за упис на промени, исправки, одговор по поднесено барање во Регистарот на тестаменти, како и надоместокот за упис, промени, исправки и одговор;
- Правилник за награди и признанија;

- Правилник за службените патувања на Комората;
- Правилник за хонорарите и надоместок на трошоци за издавачка дејност, едукација и семинари;
- Правилник за прием и практично усовршување на нотарските приправници;
- Правилник за организација и работа на Стручната служба;
- Правилник за работниот ред и дисциплината на вработените во Стручната служба на Комората и
- други акти и деловници што ќе бидат донесени за работи од работата на Комората и нотарската дејност доколку за тоа има потреба.

(3) Освен актите од овој член, Собранието или Управниот одбор може да донесе и други акти во согласност со закон и со овој Статут.

(4) Актите на Комората се задолжителни за сите нотари.

**Член 45**

(1) Образложена иницијатива за донесување или изменување акти на Комората може да даде секој нотар, Управниот одбор или друг орган или тело на Комората.

(2) Одлука за поведување постапка донесува Управниот одбор.

(3) По донесувањето на одлуката од став (2) на овој член, работниот текст на актот го изготвува Стручниот совет.

(4) Врз основа на изготвен работен текст на актот, Управниот одбор утврдува нацрт на актот кој се дава на јавна расправа до сите нотари по електронски пат. Јавната расправа по правило трае 15 дена, а по исклучок рокот го определува Управниот одбор.

(5) Секој нотар има право да достави образложени забелешки и предлози, врз основа на кои Управниот одбор го утврдува конечниот нацрт на актот, кој потоа се доставува до Собранието на Комората.

(6) По правило, актите донесени од Собранието и од Управниот одбор влегуваат во сила на осмиот ден од нивното објавување на огласната табла на Комората и на веб страницата на Комората, а се објавуваат и во стручното списание „Нотариус“. По исклучок, одредени акти на Комората влегуваат во сила за пократок или подолг рок.

(7) Изменувањата и дополнувањата на актите на Комората се вршат по иста постапка како и за нивното донесување.

## IX. ИМЕНИЦИ И ДЕЛОВНИ КНИГИ НА КОМОРАТА

**Член 46**

(1) Комората води именици и книги на начин и под услови уредени со Законот за нотаријатот и со подзаконските акти.

- Именик на нотари;
- Именик на заменици-нотари;
- Именик на помошници-нотари;
- Именик на нотарски стручни соработници;
- Именик на нотарски приправници;
- Именик на нотари кои привремено ја вршат службата;
- Книга на депонирани потписи.

(2) Комората ги води следниве деловни книги и евиденции:

- Деловоден протокол;
- Книга за поднесени предлози за дисциплински постапки;
- Книга за поднесени претставки против нотари;
- персонални досиеја на нотарите;
- евиденција на одржаните советувања и предавања, и
- други евидентни книги што ќе ги утврди Управниот одбор.

(3) Начинот на водење, чување и трошоците за имениците и деловните книги на Комората ги определува Управниот одбор по предлог на претседателот на Комората.

## X. РЕГИСТАР НА ТЕСТАМЕНТИ И ДРУГИ РЕГИСТРИ

### Член 47

(1) Комората води Регистар на тестаменти во електронска форма.

(2) Во Регистарот на тестаменти се евидентираат приватните и јавните тестаменти, дадените известувања за потребите на оставинска постапка врз основа на барање дали се чува и каде се чува тестаментот.

(3) Барање за евидентирање тестамент во Регистарот на тестаменти доставуваат следниве субјекти: нотари, основни судови, дипломатски - конзуларни претставништва, лица кои составиле тестамент и адвокати.

(4) Начинот на водење на Регистарот на тестаменти се уредува со подзаконски акт.

(5) Формата и содржината на барањето за евидентирање тестаменти, за упис на промени, исправки, одговор по поднесено барање во Регистарот на тестаменти, како и надоместокот за упис, промени, исправки и одговор се уредува со акт на Комората.

(6) Комората може да води и други регистри согласно со закон.

## XI. СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА

### Член 48

(1) По уписот на нотарот во Именикот на нотари, Комората му издава службена легитимација, под број кој одговара на бројот запишан во Именикот.

(2) Одлука за димензиите, формата и содржината на службената легитимација донесува Управниот одбор на Комората.

(3)Трошоците за издавање на службената легитимација ги поднесува нотарот.

## XII. СТРУЧНА СЛУЖБА НА КОМОРАТА

### Член 49

(1) Стручните и помошните административни работи на Комората ги врши Стручната служба на Комората.

(2) Стручната служба постапува во согласност со потребите и барањата на членовите на Комората и овозможува стручно, квалитетно, навремено и одговорно извршување на задачите на Комората според Законот за нотаријатот и овој Статут.

(3) Работата на Стручната служба ја координира секретарот, кој врши и други работи утврдени со Правилникот за организација и работа на Стручната служба, како и работи со кои ќе го задолжи претседателот на Комората.

(4) Делокругот на работите, работните задачи, бројот на вработените и условите за вработување се уредуваат со акти на Комората.

(5) Работниот однос на вработените во Стручната служба на Комората се уредува со Законот за работните односи и друг закон, колективен договор, правилата за работниот ред и дисциплина.

## XIII. СРЕДСТВА И ФОНДОВИ НА КОМОРАТА

**Член 50**

(1) Имотот на Комората се состои од ствари, права и парични средства кои се стекнуваат во согласност со Законот за нотаријатот, овој Статут и позитивните прописи.

(2) Имотот на Комората се обезбедува од членарината на нотарите, парични казни изречени во дисциплинска постапка, приходи од Регистарот на тестаменти, донација и други приходи.

(3) Со средствата на Комората располагаат органите на Комората, според своите овластувања, а во согласност со законските прописи, актите на Комората и одлуките на органите на Комората.

**Член 51**

(1) Висината и начинот на плаќање на членарината ја одредува Собранието.

(2) Висината на членарината се одредува во зависност од потребните средства на Комората, а во согласност со годишните планови на приходите и расходите.

(3) Нотарот е должен редовно да ја уплатува членарината.

**Член 52**

(1) Покрај членарината, средства на Комората се и други извори, дотации, легати, заеми и друго.

(2) Средствата добиени со извршување на дисциплинските одлуки се приход на Комората и се наменети за стручно оспособување.

(3) Комората може да остварува приходи од вршење дејност преку други форми, односно со основање правни лица или проширување на дејноста во согласност со закон.

(4) Основањето правни лица се уредува врз основа на закон со одлука на Собранието или на Управниот одбор.

**Член 53**

(1) Комората може да основа фондови.

(2) Формирањето фондови се врши со одлука на Собранието на Комората, по предлог на Управниот одбор и на претседателот на Комората.

(3) Комората може да основа Фонд за солидарност. Средствата од Фондот за солидарност се наменски и се обезбедуваат од изворот на приходи на Комората.

(4) Средствата од фондот за солидарност служат за доделување парична помош на нотари, во случаи на настанати неповолни материјални прилики поради болест, несреќа на работа, кражба, елементарна непогода, намален обем на работа во одреден период и сл.

(5) Правилникот за Фондот за солидарност го уредува управувањето со Фондот, критериумите за доделување и износот на паричната помош, како и други прашања од значење за работата на Фондот.

(6) Средства по фондови се распределуваат со одлука на Собранието на Комората.

**Член 54**

(1) За состојбата на средствата на Комората се составува годишна пресметка.

(2) Предлог-пресметката ја подготвува овластен сметководител, ја утврдува Управниот одбор, а ја усвојува Собранието.

## XIV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 55**

Со влегувањето во сила на овој Статут, престанува да важи Статутот на Нотарската комора на Република Македонија, од 6 февруари 1999 година.

**Член 56**

(1) Сите општи акти на Комората ќе се усогласат со одредбите на овој Статут во рок до една година од денот на неговото влегување во сила, а до нивното усогласување соодветно ќе се применуваат постојните акти.

(2) Одлуката за основање на Нотарската академија ќе се донесе во рок од 6 месеци од денот на влегување во сила на овој Статут.

**Член 57**

На прашањата кои не се уредени со овој Статут, непосредно ќе се применуваат одредбите од Законот за нотаријатот и другите законски прописи.

**Член 58**

По предлог на Управниот одбор, толкување на одредбите на овој Статут дава Собранието на Комората.

**Член 59**

(1) Овој Статут влегува во сила во рок од осум дена од денот на објавувањето на огласна табла и на веб страницата на Комората, а ќе биде објавен и во стручното списание „Нотариус“.

(2) Одлуката за усвојување на Статутот е одделно составена и претставува составен дел на овој Статут.

СОБРАНИЕ НА НКРСМ
Претседател
Нотар Методија Ристоски с.р.

Во согласност со член 122 став (1) точка а) од Законот за нотаријатот (Сл. весник на РМ бр. 72/16, 142/16 и 233/18), а во врска со член 13 став (1) алинеја 10 од Статутот на Нотарската комора на Република Северна Македонија, Собранието на Нотарска комора на Република Северна Македонија на XXII вонредна седница одржана на 13.5.2023 година, го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК
## за работа на Собранието на Нотарската комора на Република Северна Македонија

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат постапката со која се овозможува законито и ефикасно работење на Собранието на Нотарската комора на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Собранието) и други прашања од негова надлежност, и тоа:

- составот,
- правата и должностите на нотарите како членови на Собранието,
- подготвувањето на седниците,
- свикувањето на седниците,
- одржувањето на седниците,
- одржувањето на редот на седниците,
- изборот и разрешувањето на членовите на органите и телата и
- завршни одредби.

**Член 2**

Во работата на Собранието сообразно се применуваат одредбите на Кодексот на професионална етика на нотарите.

### II. СОСТАВ НА СОБРАНИЕТО

**Член 3**

(1) Собранието е највисок орган на управување на Нотарската комора на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Комората), кое има надлежности уредени со Законот за нотаријатот, Статутот на Комората и со овој Правилник.

(2) Собранието го сочинуваат сите нотари запишани во Именикот на нотарите.

(3) На седница на Собранието, на покана на претседателот на Комората, може да присуствуваат и други лица, без право на глас.

## III. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА НОТАРИТЕ КАКО ЧЛЕНОВИ НА СОБРАНИЕТО

**Член 4**

(1) Во работата на Собранието имаат право да учествуваат сите нотари, лично, со еднакво право на глас.

(2) Нотарите имаат право да избираат и да бидат избрани во органите и телата на Комората, како и право да предлагаат и да одлучуваат на седница на Собранието.

(3) Присуството на нотарот на седницата на Собрание е задолжително.

(4) Нотарот кој има оправдани причини за отсуство е должен, најдоцна три дена пред закажаниот датум на одржување на седницата, по писмен пат да го извести за тоа претседателот на Комората, освен ако причините настанале подоцна.

## IV. ПОДГОТВУВАЊЕ СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕТО

**Член 5**

Подготвувањето седници опфаќа:

- утврдување предлог-дневен ред,
- подготвување соодветни материјали и
- обезбедување технички и други услови за непречена работа на Собранието.

**Член 6**

(1) Предлог-дневниот ред за седница на Собранието го утврдува Управниот одбор на Комората.

(2) По исклучок, предлог-дневен ред за седница на Собранието може да поднесат и најмалку 20 % (дваесет проценти) од нотарите.

**Член 7**

(1) Материјалот за седница на Собранието го подготвува Управниот одбор на Комората и содржи предлози за одлуки со соодветни прилози/извештаи, образложенија и други потребни материјали.

(2) Извршувањето на техничките и стручните работи за седница на Собранието го организира секретарот на Комората.

## V. СВИКУВАЊЕ СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕТО

**Член 8**

(1) Собранието заседава на редовна или на вонредна седница.

(2) По исклучок, Собранието може да одлучува преку допишување.

(3) Собранието одржува редовна седница задолжително најмалку еднаш годишно, и тоа најдоцна до крајот на месец април, во врска со одлучување за извештајот за севкупните активности на нотаријатот и годишната сметка и предлог-пресметката за наредната година.

(4) Редовната седница на Собранието ја свикува Управниот одбор на Комората.

(5) Собранието може да одржи вонредна седница по потреба, која се свикува од претседателот

на Комората, Управниот одбор или по писмено барање од најмалку 20 % (дваесет проценти) од нотарите. Ако претседателот на Комората не ја свика седницата во рок од 30 дена од денот на донесувањето на одлуката на Управниот одбор, односно од поднесувањето на барањето на нотарите, седницата ќе ја свика членот на Управниот одбор определен од овој орган или еден од членовите на Комората кои го поднеле барањето.

(6) Барањето за вонредно свикување на Собранието мора да биде образложено и да содржи предлог-дневен ред.

(7) Во итни случаи, вонредна седница на Собранието може да биде свикана и во пократок рок од 30 дена, а дневниот ред со материјалите може да се предложи на самата седница.

**Член 9**

(1) Поканата за седница на Собранието се доставува до сите нотари, по правило по електронски пат, најдоцна осум дена пред денот на одржување на седницата, и таа содржи известување за местото, датумот и времето на одржување на седницата, со предложен дневен ред.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, доставата на поканата со предлог-дневен ред и со работниот материјал може да се изврши и по писмен пат.

(3) Со поканата за седница се доставува и материјал во електронска форма, по секоја точка од предложениот дневен ред.

(4) Седница на Собранието се одржува во време и место определено со одлука на Управниот одбор на Комората.

(5) Времето и местото на одржување седница треба да бидат соодветни за одржување на Собранието.

**Член 10**

(1) Кога постојат оправдани причини, со одлука на Управниот одбор, седницата на Собранието може да се одржи и по електронски пат, со обезбедување електронска регистрација и евиденција на нотарите, заради нивна идентификација и зачувување на безбедноста на електронската врска и техничките можности за двонасочна аудио и видеокомуникација во живо преку онлајн платформа, која на нотарите им овозможува да се обраќаат на Собранието од кое било оддалечено место.

(2) Во случајот од ставот (1) на овој член, седницата на Собранието се спроведува според правилата кои важат за одржување седница на Собранието со физичко присуство.

**Член 11**

(1) По исклучок, кога постојат оправдани причини, на предлог на Управниот одбор Собранието може да донесе одлука преку допишување, на следниов начин:

- Предлог-одлуката им се доставува на нотарите по електронски пат со образложение и се определува примерен рок за изјаснување, што не може да биде пократок од 24 часа, но не подолг од осум дена од денот кога предлог-одлуката им е испратена на нотарите по електронски пат,

- одлуката се смета за донесена доколку за неа по електронски пат гласале повеќе од половина од вкупниот број нотари и

- начинот на гласање се определува во предлог-одлуката.

(2) За резултатите од гласањето преку допишување, претседателот на Комората ги известува нотарите по електронски пат.

# VI. ОДРЖУВАЊЕ СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕТО

## 1. Водење на седницата

**Член 12**

(1) Со работата на Собранието раководи и претседава претседателот на Комората, а во случај на спреченост или отсуство на претседателот, по негов избор го заменува еден од потпретседателите на Комората, а доколку тоа не е можно, најстариот член на Управниот одбор, кој е присутен на седницата (во натамошниот текст: претседавач).

(2) При водењето на седницата, претседавачот:

- утврдува постоење услови за одржување на седницата и во таа смисла на почетокот на седницата го констатира бројот на присутните нотари, односно дали се отсутни уредно поканети нотари или го оправдале своето отсуство,
- утврдува кворум потребен за полноважно одржување на седницата,
- ја отвора седницата и предлага усвојување на предложениот дневен ред,
- се грижи седницата да се одвива според усвоениот дневен ред,
- во случаи на изјаснување за поединечни точки од дневниот ред, води сметка за правилно гласање и по секоја точка од дневниот ред констатира дали одлуката е донесена со потребното мнозинство и тоа јавно го објавува,
- го одржува редот на седницата водејќи сметка за можноста на изјаснување на секој нотар,
- ја заклучува седницата и прогласува време на завршување на работењето,
- го потпишува записникот за седницата.

## 2. Почеток на седницата

**Член 13**

(1) За присуството на седницата се води список, на кој се потпишуваат присутните нотари. За водењето на списокот се грижи секретарот на Комората.

(2) Претседавачот, врз основа на изброените присутни нотари од страна на Стручната служба на Комората, утврдува и објавува дали постои кворум за полноважно работење и одлучување ако се присутни најмалку половина од вкупниот број нотари.

(3) Ако не се постигне кворумот од ставот (2) на овој член, почетокот на седницата ќе се одложи за најмногу 120 минути.

**Член 14**

Откако ќе се констатира дека постои кворум за полноважно одржување на седницата, претседавачот ја отвора седницата.

## 3. Тек на седницата

**Член 15**

(1) По отворањето на седницата, претседавачот предлага усвојување на предложениот дневен ред кој е доставен со поканата за седница, со можност за негово изменување или дополнување.

(2) Претседавачот може да стави на гласање само образложен предлог за изменување или дополнување на дневниот ред, кој е доставен во писмена или електронска форма до Комората најдоцна пет дена пред одржувањето на седницата или образложен предлог во писмена или електронска форма кој непосредно пред почетокот на седницата е предложен од Управниот одбор или од најмалку 10 нотари.

(3) За ставање предлог-дневен ред со или без изменување или дополнување одлучува Собранието со јавно гласање со мнозинство гласови од присутните нотари.

**Член 16**

(1) Собранието ја разгледува поединечно секоја точка од усвоениот дневен ред и донесува одлука.

(2) Постапката на одлучување опфаќа:

- излагање на претседавачот или на друг предлагач,

- по излагањето претседавачот објавува расправа по прашањето кое е на дневен ред, водејќи сметка на секој нотар да му се овозможи рамноправно учество во дискусијата,

- гласање по предлог-одлуката.

(3) Доколку во текот на дискусијата произлезе нов предлог по точката на дневен ред, нотарите со гласање ќе се изјаснат дали се согласуваат за тоа, освен за постојниот, да се одлучува и за новиот предлог. Во таков случај, прво се гласа за предлогот ставен на дневен ред, а доколку не биде усвоен, на ист начин се одлучува и за новиот предлог по точката на дневниот ред.

## 4. Кворум и одлучување

**Член 17**

(1) Собранието може да се одржи и полноважно да одлучува ако на седницата се присутни најмалку половина од вкупниот број нотари.

(2) Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните нотари.

**Член 18**

(1) По завршувањето на дискусијата за секоја поединечна точка од дневниот ред, расправата се заклучува и претседавачот повикува на гласање.

(2) Ако постојат повеќе од два предлога, се гласа по редоследот на поднесените предлози.

(3) Гласањето се врши јавно – со кревање рака или тајно.

(4) На барање поднесено од најмалку 20 % (дваесет проценти) од присутните нотари, Собранието може да одлучи за одредени прашања да се гласа поименично или со тајно гласање.

(5) Поименичното гласање се врши со изјаснување на секој прозван нотар за тоа дали е „ЗА“ предлогот. Прозивањето на нотарите од списокот на присутни го врши секретарот на Комората.

(6) Резултатите од гласањето претседавачот ги објавува јавно, врз основа на пребројувањето на гласовите од страна на Стручната служба на Комората или врз основа на изјаснувањето на нотарите.

**Член 19**

(1) Работата на Собранието е јавна.

(2) Собранието со мнозинство гласови од присутните нотари може да одлучи за разгледувањето одредени прашања јавноста да биде исклучена.

(3) На предлог на претседателот на Комората, на седница може да се поканат преставници на државни органи, средства за јавно информирање и други лица, освен ако на седницата се разгледуваат прашања за кои Управниот одбор одлучил јавноста да биде исклучена.

## 5. Одложување, прекин и заклучување на седницата

### Член 20

Претседавачот ќе ја одложи седницата ако и по 120 минути од закажаниот термин за седница утврди дека на седницата не присуствува потребното мнозинство нотари.

### Член 21

(1) Седницата на Собранието се прекинува во следните случаи:

- заради одмор во текот на седницата,
- кога поради подолго траење, седницата не може да се заврши во одредено време,
- кога за одредени точки од дневниот ред не може да се одлучува поради немање кворум за одлучување,
- кога на седницата ќе настане нарушување на редот.

(2) Седницата ја прекинува претседавачот и го објавува времето и местото на продолжување.

(3) Прекинатата седница продолжува најдоцна во рок од осум дена сметано од денот кога е прекината.

### Член 22

По завршувањето на расправата и одлучувањето за сите точки од дневниот ред на седницата, претседавачот ја заклучува седницата.

### Член 23

(1) Текот на седницата задолжително се регистрира тонски.

(2) За работата на Собранието се составува записник во писмена форма за текот на седницата и донесените одлуки, во рок од 30 дена од денот на одржување на седницата, а се усвојува на првата наредна седница.

(3) Врз основа на записникот, се изготвуваат актите кои се донесени на седница на Собранието.

(4) Записникот на кој не се дадени забелешки, односно записникот во кој, во согласност со усвоените забелешки, се извршени изменувања или дополнувања, се смета за усвоен и неговиот изворник се заведува во деловодник на Комората, заедно со тонскиот запис од текот на седницата.

(5) Записникот за седницата на Собранието по правило го води секретарот на Комората, а со одлука на Собранието може да го води и друг вработен во Стручната служба на Комората.

(6) Записникот задолжително содржи:

- назив и седиште на Комората,
- место и време на одржување на седницата,
- податоци за присутните нотари и други присутни лица,
- податоци за отсутните нотари,

- дневен ред за седницата вклучувајќи евентуални усвоени предлог-изменувања и предлог-дополнувања,

- воведно излагање, односно дискусија за значајни делови, по секоја точка од дневниот ред,

- податоци за гласањето по секоја точка од дневниот ред,

- податок за времето на заклучување на седницата,

- потпис на претседавачот и записничарот.

(7) Административно-стручните работи на Собранието ги организира секретарот на Комората.

## VII. ИЗБОР И РАЗРЕШУВАЊЕ НА ОРГАНИ И ТЕЛА НА СОБРАНИЕТО

**Член 24**

(1) Собранието избира членови на органи и тела со мандат согласно со Законот за нотаријатот и Статутот на Комората.

(2) Собранието констатира поединечна или колективна оставка на членови во органи и тела на Комората или разрешува од должност член на орган и тело на Комората пред истекот на мандатот.

### 1. Избор

**Член 25**

(1) Собранието ги избира следните органи и тела:

- Претседател – 1 (еден),

- Управен одбор – 10 (десет) члена,

- Дисциплински совет – 5 (пет) члена и 5 (пет) заменици-членови,

- Надзорен одбор – 3 (три) члена,

- Комисија за спроведување конкурс за именување нотари – 5 (пет) члена и

- Комисија за вршење надзор над примената на одредбите од Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам – 5 (пет) члена.

(2) За избор на членовите од редот на нотарите во органите и телата од алинеите 1, 2, 3, 4 и 5 од ставот (1) на овој член се гласа тајно, а по исклучок Собранието може да одлучи гласањето да биде јавно.

(3) За членовите на сите останати органи, комисии и тела, гласањето е јавно.

**Член 26**

(1) Предлагање кандидати за органите и телата на Комората се врши на кандидациони собири, за секое апелационо подрачје посебно. Кандидациониот собир работи со присуство на најмалку една петтина од нотарите запишани за тоа подрачје.

(2) Кандидационите собири се одржуваат најмалку еден месец пред денот определен за одржување на изборот, со физичко присуство или по електронски пат, во согласност со член 10 од овој Правилник.

(3) Предлагањето кандидати за избор во органите и телата на Комората е јавно.

(4) Секоја кандидатска листа содржи најмалку еден кандидат повеќе од бројот на кандидати за кои се гласа.

(5) Нотар не може истовремено да биде кандидат во повеќе од еден орган што го избира Собранието.

(6) Предложениот кандидат најдоцна во рок од 10 дена од одржаниот кандидационен собир е должен да достави своја изјава за прифаќање или откажување од кандидатурата, а во спротивно ќе се смета дека не ја прифатил.

(7) Доколку по изјаснувањето на кандидатите се утврди дека некоја кандидатска листа има помал број кандидати од потребниот број, постапката за кандидирање се спроведува на денот на изборот при утврдување на предложените кандидатски листи, согласно со одредбите за предлагање од овој Правилник.

(8) Кандидатите за претседател се должни до Комората да достават програма за работењето на Комората за во наредниот мандатен период, која ќе ја презентираат на денот на изборот.

(9) Со кандидационите собири раководат членовите на Управниот одбор од соодветното апелационо подрачје.

(10) За одржаните кандидациони собири се води записник, кој се доставува до Комората во рок од три дена од денот на одржаните кандидациони собири.

(11) Врз основа на одржаните кандидациони собири се составуваат предлог- кандидатски листи кои се доставуваат до сите нотари, заедно со предлог-дневниот ред за избор на органи и тела на Комората.

(12) Кандидатската листа содржи име и презиме на кандидатите, службеното подрачје и органот или телото за кои се кандидирани.

**Член 27**

(1) При кандидирањето кандидати за избор во органи и тела на Комората се води сметка за адекватна застапеност на подрачјата на апелационите судови, според сооднос на бројот на нотарите од едно апелационо подрачје во вкупниот број нотари во Република Северна Македонија, како и за националната, територијалната и половата структура на членовите на Комората.

(2) Гласањето за избор на претседател на Комората, членови на Управниот одбор, членови на Надзорниот одбор, членови и заменици-членови на Дисциплински совет од редот на нотарите и на членови на Комисијата за спроведување конкурс за именување нотари од редот на нотарите, се врши на кандидатски листи.

(3) На кандидатската листа за претседател на Комората се гласа само за еден кандидат.

(4) За избор на членови на Управен одбор се гласа на четири кандидатски листи, и тоа:

- На кандидатската листа за подрачјето на Апелациониот суд во Битола се гласа за 2 (двајца) кандидати;

- На кандидатската листа за подрачјето на Апелациониот суд во Гостивар се гласа за 2 (двајца) кандидати;

- На кандидатската листа за подрачјето на Апелациониот суд во Скопје се гласа за 4 (четворица) кандидати;

- На кандидатската листа за подрачјето на Апелациониот суд во Штип се гласа за 2 (двајца) кандидати.

(5) За избор на членови на Надзорен одбор се гласа на единствена кандидатска листа предложена од четирите апелациони подрачја.

(6) За избор на 2 (двајца) членови и 2 (двајца) заменици-членови на Дисциплински совет се гласа на единствена кандидатска листа предложена од четирите апелациони подрачја. Три члена и нивни заменици на предлог на Судскиот совет на Република Северна Македонија, се избираат со јавно гласање.

(7) За избор на 2 (двајца) членови на Комисијата за спроведување конкурс за именување нотари од редот на нотарите се гласа на единствена кандидатска листа предложена од четирите апелациони подрачја. Еден член по предлог од Судскиот совет на Република Северна Македонија, еден член по предлог од Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ и еден член универзитетски професор по предлог од еден од правните факултети акредитирани во Република Северна Македонија, се избираат со јавно гласање.

(8) За именување членови на Комисијата за вршење надзор над примената на одредбите од Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам се гласа на единствена кандидатска листа предложена од четирите апелациони подрачја, и тоа:

- За подрачјето на Апелациониот суд во Битола се предлага 1 (еден) кандидат;
- За подрачјето на Апелациониот суд во Гостивар се предлага 1 (еден) кандидат;
- За подрачјето на Апелациониот суд во Скопје се предлагаат 2 (двајца) кандидати и
- За подрачјето на Апелациониот суд во Штип се предлага 1 (еден) кандидат.

## Член 28

(1) Изборот на членови во органи и тела на Комората, што во согласност со Статутот на Комората е во надлежност на Собранието, се врши на седница на Собранието, со тајно или јавно гласање.

(2) Во случај кога на некоја кандидатска листа е предложен само еден кандидат, Собранието може да одлучи изборот да се спроведе со јавно гласање.

(3) Со гласањето раководи Изборна комисија.

## Член 29

(1) На предлог на Претседателот на Комората и на други нотари, Собранието со јавно гласање избира Изборна комисија составена од 5 (петмина) членови.

(2) Со Комисијата раководи претседател, кој го избираат членовите на Изборната комисија, на предлог на претседателот на Комората.

(3) Изборната комисија обезбедува и подготвува гласачки листи за сите органи и тела што се избираат, ги спроведува изборите и се грижи за законитоста на изборната постапка.

(4) Изборната Комисија е должна да ги даде потребните објаснувања за начинот и текот на гласањето.

(5) Изборната комисија за спроведените избори поднесува Извештај до нотарите во рок од 15 дена од денот на одржаните избори. Извештајот се изготвува врз основа на записникот за спроведените избори и ги содржи сите значајни елементи содржани во записникот.

(6) Во извршувањето на техничките работи на Изборната комисија учествува Стручната служба на Комората.

## Член 30

(1) Предлог-кандидатските листи се утврдуваат на Собранието со мнозинство гласови од присутните, со јавно гласање.

(2) Кандидатите коишто се предложени за членови на повеќе органи и тела се должни, пред утврдувањето на предлог-кандидатските листи од страна на Собранието, да се изјаснат на која предлог-кандидатска листа сакаат да останат, а во спротивно ќе се смета дека не ја прифатиле кандидатурата за ниедна листа.

(3) Доколку некој кандидат за орган или тело што го избира Собранието е предложен на кандидатска листа, а веќе е член на некој орган или тело, со изборот му престанува функцијата во претходно избраниот орган или тело.

**Член 31**

(1) По утврдувањето на предлог-кандидатските листи, Изборната комисија изготвува гласачки ливчиња со утврдените кандидати, за секој орган или тело поединечно, по азбучен ред според презимето.

(2) Гласањето се врши со физичко присуство.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, за избор на членови во органи и тела за кои е предвидено јавно гласање, гласањето може да се изврши по електронски пат доколку седницата се одржува во согласност со член 10 на овој Правилник.

**Член 32**

(1) На гласачкото ливче, во горниот десен агол, се назначува бројот на членовите за кои се врши изборот.

(2) Гласањето е тајно и се врши со заокружување на редниот број пред презимето на кандидатите за кои се гласа.

(3) Гласачките ливчиња се печатат во број кој одговара на вкупниот број нотари, кои мора да бидат заверени со печат на Комората.

(4) За важечко гласачко ливче се смета она на коешто се заокружени онолку кандидати колку што се избираат членови на органите и телата.

(5) Ако на гласачкото ливче се заокружени повеќе кандидати отколку што се избираат или на ливчето има прецртувања, поништувања или е празно, ливчето ќе се смета за неважечко.

(6) Неважечките и неискористените гласачки ливчиња се запечатуваат засебно во посебна обвивка.

**Член 33**

(1) Пред започнувањето на гласањето, Изборната комисија ги прозива присутните нотари поимено, според списокот на кој се потпишале.

(2) Секој прозван нотар се потпишува на списокот, по што Изборната комисија му врачува гласачки ливчиња.

(3) По гласањето, гласачките ливчиња се ставаат во соодветно обележаните гласачки кутии.

(4) По завршувањето на гласањето, Изборната комисија пристапува кон пребројување на гласовите и утврдување на избраните членови на органите и телата на Комората.

(5) Во пребројувањето на гласовите учествува и Стручната служба на Комората.

(6) На барање на кандидат за избор во орган или тело, Изборната комисија е должна да му обезбеди присуство при пребројувањето на резултатите.

(7) По завршувањето на пребројувањето, Изборната комисија на записник го утврдува вкупниот број нотари кои гласале, бројот гласови кои ги добил секој кандидат, бројот на неважечки и на неискористени ливчиња и тие резултати ги соопштува на Собранието.

(8) Записникот го потпишуваат сите членови на Изборната комисија и ги содржи следниве податоци: датум, име и презиме на претседателот и на членовите на Комисијата, бројот на нотари кои гласале, бројот на гласачки ливчиња кои се пронајдени во гласачката кутија по спроведеното гласање, бројот на важечки, неважечки и неискористени ливчиња и бројот на гласови за секој кандидат посебно.

(9) Целокупниот изборен материјал со гласачките ливчиња и записникот се запечатуваат во посебна обвивка, која се чува во архивата на Комората. Копија од записникот, незапечатено, се чува во архивскиот материјал на Комората.

**Член 34**

(1) Во првиот круг од гласањето за претседател на Комората се смета дека е избран оној кандидат за кого гласале повеќе од половина од нотарите кои се запишани во Именикот на нотарите.

(2) Ако во првиот круг ниту еден од кандидатите за претседател не го добил потребното мнозинство гласови од ставот (1) на овој член, а на листата имало повеќе од еден кандидат, во вториот круг се гласа за двајцата кандидати кои во првиот круг добиле најмногу гласови, а доколку на листата има само еден кандидат, во вториот круг повторно се гласа за тој кандидат.

(3) Во вториот круг на гласање за претседател е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од нотарите кои гласале, доколку гласале повеќе од половината од нотарите кои се запишани во Именикот на нотари.

(4) Ако и по вториот круг ниту еден од двајцата кандидати не го добил потребниот број гласови, тогаш постапката за кандидирање и избор на претседател се повторува.

**Член 35**

(1) Во првиот круг од гласањето за член на орган или тело на Комората се смета дека е избран кандидатот за кого гласале повеќе од половина од присутните нотари на Собранието.

(2) Ако во првиот круг на гласањето од листите на кандидатите не е избран потребниот број членови на органот, во вториот круг се избираат онолку кандидати колку што е потребно да се пополни составот на органот, а се гласа за кандидатите кои во првиот круг добиле најмалку 10 % (десет проценти) од бројот на нотарите кои гласале.

(3) Во вториот круг на гласање за член на орган на Комората се избрани кандидатите кои добиле најголем број гласови од присутните кои гласале во вториот круг.

(4) Ако двајца или повеќе кандидати добиле ист број гласови, поради што не може да се изврши избор на член на орган или тело на Комората, изборната постапка за избор на тие кандидати се повторува.

## 2. Разрешување и оставка

**Член 36**

(1) Во согласност со одредбите на Статутот на Комората, Собранието одлучува за разрешување членови на следните органи и тела:

- Претседател,

- Управен одбор,
- Дисциплински совет,
- Надзорен одбор,
- Комисија за спроведување конкурс за именување нотари и
- Комисија за вршење надзор над примената на одредбите од Законот за спречување перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам.

(2) Член на орган или тело на Комората може да биде разрешен ако:

- управува и работи спротивно на законските прописи, Статутот и другите акти на Комората;
- не ги исполнува своите обврски, што влијае на ефикасноста на работата на органот, односно телото;
- неоправдано отсуствува повеќе од три пати од седниците каде што членува, и
- со правосилна одлука е осуден за сторено кривично дело во врска со службената должност.

(3) Претседателот на Комората може да биде разрешен од должноста ако:

- не работи во согласност со законските прописи и одредбите на Статутот на Комората,
- не ги извршува одлуките на Собранието, на Управниот одбор, на Дисциплинскиот совет или не ги спроведува, ненавремено ги спроведува или ги спроведува спротивно на нивното донесување, освен ако се спротивни на законите;
- со своето работење влијае на неефикасно функционирање на Собранието или на Управниот одбор,
- биде осуден на кривично дело во врска со службената должност, со денот на правосилноста на пресудата.

(4) Доколку се исполнети условите од ставот (2) на овој член, Управниот одбор задолжително закажува одржување седница на Собранието најдоцна во рок од три месеци, кое донесува одлука по поднесената иницијатива, во согласност со Статутот на Комората.

(5) Доколку се исполнети условите од ставот (3) на овој член, Управниот одбор задолжително закажува одржување седница на Собранието најдоцна во рок од осум дена, кое донесува одлука по поднесената иницијатива, во согласност со Статутот на Комората.

**Член 37**

Во согласност со одредбите на Статутот на Комората, Собранието без расправа ја констатира оставката на членовите на органите и телата од член 24 став (1) на овој Правилник, со што им престанува мандатот.

## VIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 38**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави на огласната табла и на веб страницата на Комората.

**Член 39**

(1) На прашањата кои не се уредени со овој Правилник, ќе се применуваат одредбите од Статутот на Комората.

(2) Автентично толкување на одредбите на овој Правилник дава Собранието.

**Член 40**

Со денот на влегување во сила на овој Правилник, престанува да важи Деловникот за работа на Собранието на Нотарска комора на РМ, бр. 02-500/3 донесен на 15.3.2014 година и Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Собранието на Нотарска комора на РМ, бр. 02-182/9 донесен на 9.2.2019 година.

СОБРАНИЕ НА НКРСМ
Претседател
Нотар Методија Ристоски с.р.

Врз основа на член 117 став (3) од Законот за нотаријатот (Сл. весник на РМ бр. 72/16, 142/16 и 233/18), а во врска со членовите 26 и 56 став (2) од Статутот на Нотарската комора на Република Северна Македонија, Собранието на Нотарска комора на Република Северна Македонија, на XXIII вонредна седница одржана на 14.10.2023 година, ја донесе следнава:

# О Д Л У К А

## за основање Нотарска Академија на Нотарската комора на Република Северна Македонија

**Член 1**

Со оваа одлука, Собранието на Нотарската комора на Република Северна Македонија ја основа Нотарската академија (во натамошниот текст: Академијата) како орган на Нотарската комора, надлежен за стручна наобразба, усовршување и унапредување на знаењата на нотарите, на кандидатите за идни нотари и на стручните служби во нотаријатот во сите области на нивното работење.

### ЦЕЛИ НА НОТАРСКАТА АКАДЕМИЈА

**Член 2**

Академијата се основа заради обезбедување:

- Континуирано стручно, професионално и ефикасно извршување на нотарската служба,
- стручна едукација и усовршување на нотарите, на кандидатите за идни нотари и на стручните служби во нотаријатот за развој на правото,
- следење и предлагање на прописи,
- афирмација на професионалниот статус и интересите на нотарите, и
- поттикнување и остварување меѓународна соработка и размена на искуства во нотаријатите.

### ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА НА НОТАРСКАТА АКАДЕМИЈА

**Член 3**

Основни задачи на Академијата се:

- Вршење континуирано стручно усовршување и обука заради унапредување на знаењата на нотарите,
- организирање стручни, научни конференции и едукативни собири и семинари наменети за понатамошно стручно усовршување на нотарите и на стручните служби во нотаријатот,
- вршење обука на кандидатите за идни нотари,
- следење на развојот на правото во областите од интерес за нотаријатот, на домашно и на меѓународно ниво, и
- организирање обуки за полагање на нотарскиот испит.

**Член 4**

Заради успешно извршување на своите задачи, Академијата креира едукативни програми и соработува со Министерството за правда, Академијата за судии и јавни обвинители, професори од

високообразовните установи, судии и јавни обвинители, државни правобранители, народен правобранител, органи на државната управа, други вршители на правосудни дејности, здруженија и други организации кои вршат обуки од областа на правото, сродни здруженија и нотарски комори од странство, како и со други професионални институции и организации.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА НОТАРСКАТА АКАДЕМИЈА

### Член 5

(1) Академијата има претседател и членови, кои ги именува и разрешува Управниот одбор на Комората, со мандат од три години.

(2) Членовите на Академијата се организираат во совет и други тела утврдени со Правилник.

(3) Организационо-техничките работи на Академијата ги врши секретар, кој го именуваат и разрешуваат членовите на Академијата од редот на дипломирани правници со положен правосуден испит, вработени во Стручната служба на Нотарската комора, со мандат од три години.

### Член 6

(1) Претседателот на Академијата ја претставува, раководи со работата и ги спроведува одлуките на Академијата.

(2) За претседател на Академијата се именува член на Академијата од редот на активните нотари.

(3) За член на Академијата се именува активен или пензиониран: нотар, универзитетски професор од правен факултет, судија, јавен обвинител и друг истакнат правник.

(4) Членовите на Стручниот совет на Нотарската комора и неговите надворешни соработници можат да бидат именувани за претседател и за членови на Академијата.

(5) За извршување на своите задачи, Академијата може да ангажира и други надворешни лица.

(6) Бројот и структурата на членовите на Академијата ги утврдува Управниот одбор на Нотарската комора.

## ФИНАНСИРАЊЕ НА НОТАРСКАТА АКАДЕМИЈА

### Член 7

(1) Академијата се финансира од:

- Средствата и фондовите на Нотарската комора,
- котизација и надомест за обуки,
- дополнителни извори на финансирање, грантови, донации, подароци и др.

(2) Средствата на Академијата се чуваат на посебна сметка на Нотарската комора и се наменети за остварување и унапредување на работата на Академијата.

### Член 8

Надзор над работењето на Академијата врши Управниот одбор на Нотарската комора, а во однос на материјално-финансиското работење на Академијата, надзорот го врши Надзорниот одбор на Нотарската комора.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 9**

Структурата на организацијата, правилата за работа и другите прашања во врска со работата на Академијата се уредуваат со Правилник за работа на Нотарската академија, којшто ќе го донесе Управниот одбор на Нотарската комора, во рок од шест месеци од денот на донесувањето на оваа одлука.

**Член 10**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена на огласната табла и на веб-страницата на Нотарската комора.

СОБРАНИЕ НА НКРСМ
Претседател
Нотар Методија Ристоски с.р.

# ГЛАВА II >>

## СТРУЧНИ ТЕМИ

# ВИДОВИ УПРАВЕН НАДЗОР ОД НАДЛЕЖНИ ДРЖАВНИ ОРГАНИ НАД ЗАКОНИТОСТА НА РАБОТЕЊЕТО НА НОТАРИТЕ И НОТАРСКАТА КОМОРА НА РСМ

**д-р Фиданчо Стоев,**
судија во пензија
член на Стручниот совет на НКРСМ

Благодарение на посебниот статус на нотарите како јавни службеници именувани и надгледувани од државата и како слободни професионалци, кои работат приватно, тие се способни да делуваат како врска помеѓу јавната и приватната сфера, помеѓу државата и граѓаните, и со тоа придонесуваат за отелотворување на јавно-приватно партнерство, од кое сите ние ги гледаме придобивките, особено во Европа.[1]

## Вовед

Напред наведената накратко суштина на моделот на Латинскиот нотаријат, прифатен во сите три закони за нотаријатот во Македонија (донесени во 1996, 2007 и 2016 г.), статусот на нотарот според актуелниот Закон, е исто така дефиниран двострано: и како јавен службеник – нотарот е лице што врши јавни овластувања утврдени со закон, именувано од Министерот за правда како единствено професионално занимање, кое нотарската служба ја врши слободно, независно, самостојно, стручно и непристрасно, врз основа на уставот и законите, значи и како самостојно професионално лице. Овој двостран статус појасно се изразува во начелата врз основа на кои ја врши нотарската служба: законито вршење на работите, лична одговорност (а не на државата) за сторената штета, диспозиција на странките, надзор над законитоста на нотарската служба со задолжително осигурување, неспорност на правниот однос, угледно и достоинствено вршење на службата, право на надоместок – нотарска награда и трошоци за извршената работа (член 3 од ЗН).

Од изложениот статус и надлежноста на нотарите произлегува дека и нотарската професија е дел од правната професија во државата, но се разликува од јавно-службеничката, адвокатската и судската професија, иако има одделни елементи од сите професии, а тоа е професионален интегритет, самостојност и одговорност која дава свој специфичен придонес во остварувањето на

[1] Даниел С, Сенгор 1) фуснота: поранешен претседател на Меѓународната унија на нотаријатите (во која Македонскиот нотаријат е член од 2001 год.), Нотаријатот во современиот свет, излагање на Свечената седница на  Македонскиот нотаријат, одржана на 17 октомври 2014 год., Скопје, Нотариус бр. 26, ноември 2014 год.

уставното начело на владеење на правото, особено преку:

1) Зајакнување на правната сигурност на граѓаните, правните лица и другите субјекти, кои многу често ги користат нотарските правни услуги, засновани на веродостојност на нивните составени и издадени нотарски исправи со својство на јавни, а во одредени случаи и извршни исправи, како и други акти и документи;

2) Остварување на легалитетот во правниот живот и промет во државата, како исклучително важен јавен интерес за државата и за субјектите;

3) Олеснување, брзо и ефикасно остварување на правно-административните потреби на граѓаните и другите субјекти, како и намалување на судските спорови, со договорно решавање на односите помеѓу правните субјекти, како неутрални непристрасни повереници на две или повеќе странки.

Меѓутоа, она што е заедничко за сите правни професии е посветеноста на идејата на правото и правдата, која посветеност би можело да се дефинира како подготвеност, волја и стремеж дека законот и кога се создава и кога се применува мора да биде ист, еднаков за сите и кога заштитува и кога казнува.

Во уставно-правниот систем на државата предвидени се повеќе видови надзор над законитоста на работата на државните органи и институции со јавни овласувања, па и на нотаријатот како јавна служба, и тоа:

- автономен внатрешен надзор од органи на Нотарската комора,

- управен назор од надлежни државни органи,

- судска заштита – контрола на законитоста на поединечните акти на нотарите и нотарската служба,

- уставно-судска контрола на уставноста и законитоста на општите акти на Нотарската комора.

Во овој труд ќе стане збор за видовите управен надзор од државните органи над законитоста на работата на нотарите и Нотарската комора, и тоа од органите споменати во Законот за нотаријатот, покрај Министерството за правда, кое во целина е задолжено да се грижи за спроведување на тој закон.

## I. Управен надзор од Министерството за правда

Министерството за правда врши надзор над законитоста на работењето на Нотарската служба врз основа на Законот за нотаријатот (Сл, бр.72/16,142/16 и 233/18), и тоа: а) над работењето на Нотарската комора, и б) над работењето на нотарите.

### а) Надзор над работењето на Нотарската комора (член 129)

1) Надзорот над работењето на Комората се предвидува да се врши по две основи: надзор над законитоста на работата и надзор над ефикасноста на нејзината работа. Притоа во законот не е конкретизирано што опфаќаат овие два вида надзор, ниту на кој начин се врши и по едниот и по другиот основ, но логично е да се претпостави дека оцената се врши врз основа на увид на документите и актите што ги донесуваат органите на Комората и мерките што ги преземаат Собранието на Комората, Управниот одбор, претседателот на Комората, Дисциплинскиот совет, Стручниот совет и Надзорниот одбор, според своите надлежности утврдени во Законот и Статутот на Комората.

2) Надзорот го врши комисија формирана од Министерот, составена од службени лица од Министерството и судија од надлежен суд од подрачјето на кое се наоѓа седиштето на Комората, а со присуство на претседателот на Комората или лице овластено од него.

3) За извршениот надзор се составува записник, кој го потпишуваат сите членови на Комисијата и претседателот на Комората, кој ако не го потпише, должен е да ги изнесе причините за тоа, а тоа значи да ги изнесе аргументите и фактите поради кои не се согласува со утврдената состојба од надзорот. Ако Комисијата не ги уважи забелешките на претседателот, кои овласеното лице од комисијата ги внесува во записникот, Комисијата составува извештај за утврдените состојби од извршениот надзор и во рок од 30 дена го доставува до Комората. Во Законот не е

наведено како треба или може да постапи претседателот на Комората по доставениот извештеј, но логично е да се претпостави дека ако се дадени забелеши за утврдената состојба од надзорот, извештајот да го разгледа Управниот одбор, а по потреба можеби и Собранието, секако тоа зависи од значењето на утврдената состојба од извршениот надзор во врска со законитоста и ефиканоста на работата на органите на Комората и од оцената на претседателот на Комората, кој истовремено е и претседател на Управниот одбор и е најодговорен за работата и функционирањето на органите на Комората, и за чие неделување, согласно со неговите утврдени надлежности во Законот и Статутот на Комората, предвидени се повеќе прекршоци во законот (член 169).

4) Доколку при извршениот назор се констатирани повреди на законот (и не се усвоени забелешките од председателот или од лицето овластено од него дадени во записникот за извршениот надзор, ниту забелешките дадени од Управниот одбор или Собранието, ако го разгледувале извештајот за извршениот надзор), Министерот е должен да ги преземе следните дејствија:

• Да ги извести надлежните органи, ако има основ според утврдените состојби од надзорот, за поведување кривична или прекршочна постапка. Во Законот за нотаријатот предвидени се повеќе прекршоци за непреземање мерки од претседателот во врска со работата на органите на Комората и функционирањето на нотарската служба и друго, со можност за изрекување глоба од 500 до 1.500 евра (член 169).

• Да го распушти Управниот одбор и да го разреши претседателот на Нотарската комора ако при надзорот се утврдени повреди на законот. Оваа одлука на министерот би требало да се толкува како кумулативна, според надлежностите и одговорноста и на едниот и на другиот орган, кои се и меѓусебно поврзани. Притоа, иако во законот само е спомената повредата на закон, треба да се смета дека под тие зборови се опфатени и законитоста и ефикасноста на работењето на Комората, како содржина на надзорот и фактот дека неефикасното вршење на своите надлежности од органите на Комората има одраз и значи повреда на законот.

Интересно е дека со првиот закон за вршење на нотарските работи од 1996 година, надзорот на Министерството опфаќаше утврдување и отстранување неправилности, кои само ако се потешки и ако по опомената не се исполнат законските обврски, министерот ќе го распушти Управниот одбор и ќе го разреши претседателот на Комората. Во законот за нотаријатот, пак, од 2007 г., беше исто така предвидено претходно отстранување на констатирани неправилности во работењето на Комората, а за повреди на законот се предвидуваа можностите за известување на надлежните органи за поведување кривична или дисциплинска постапка, како и можност за распуштање на Управниот одбор и разрешување на претседателот на Комората.

Врз основа на изложеното, произлегува дека со актуелниот закон за нотаријатот е зајакната одговорноста на работењето на Комората, меѓу другото и затоа што недоречените одредби за концептот на надзор на законитоста и ефикасноста во работењето на Комората даваат можности за сеопфатен надзор над работата на Комората од Министерството за правда.

Во изминатиот период од 25 години од формирањето на Нотарската служба, само двапати е извршен надзор над работата на Нотарската комора од страна на Министерството за правда, што можеби е резултат на фактот дека надлежностите на Министерството и надлежностите на Комората во врска со функционирањето на Нотарската служба се меѓу себе поврзани и упатуваат на постојана соработка во решавањето на актуелните прашања, како заеднички интерес за унапредување на нотаријатот. Освен тоа, Комората секоја година доставува до Министерството, меѓу другото, и Извештај за работата на нотаријатот, што го подготвува Управниот одбор, а го разгледува и усвојува Собранието на Комората, а Управниот одбор има надлежност да доставува до Министерството за правда предлози и мислења по прашања од интерес на нотаријатот, односно Нотарската служба.

### б) Надзор над законитоста на работата на нотарите од страна на Министерството за правда (член 139)

Министерството за правда врши надзор над законитоста на работењето на нотарите, чијашто

содржина и карактер е определена со Правилник за начинот за вршење надзор над законитоста на работењето на нотарот(Сл. весник на РМ бр. 226/2016) што го донесува Министерството врз основа на овластување во Законот за нотаријатот, во кој се уредува не само начинот на вршење надзор туку го опфаќа и поимот законитост на работењето на нотарот. Така, во член 4 од Правилникот стои: Надзорот над законитоста на работењето на нотарот опфака:

- уредно водење на нотарските деловни книги во писмена или електронска форма,

- уредно водење на предметните списи,

- уредно водење на евиденцијата,

- чување на нотарските деловни книги, евиденции, списи и податоци,

- уредно осигурување на нотарот од одговорност од штета,

- уредно водење евиденција за наплатата на нотарската награда, трошоци и такси и

- постапување по одлуките на надлежните органи за отстранување на недостатоците во работењето на нотарот.

Сите овие обврски на нотарите се детално уредени и произлегуваат особено од два правилника што ги донесува Министерството врз основа на ЗН, и тоа: Правилник за формата и начинот на пишување и обележување на нотарските исправи и заверки... значи формално-правни, стручно-административни обврски (Службен весник на РМ бр. 226/16) и Правилник за видот, содржината и формата, начинот на водење на актите, записниците, книгите и имениците, начинот на чување на нотарските исправи, записниците и другите акти, со што всушност се обезбедува веродостојноста на секој документ и акт што излегува од нотарската канцеларија.

Притоа во Законот за нотаријатот е утврдена формата на нотарските исправи, а содржината е изразена во податоци, елементи кои треба да ги содржат нотарските исправи, што значи дека содржината фактички се пополнува од материјалните закони во зависност од предметот што се уредува (Законот за сопственост и други стварни права, Законот за облигациони односи, Катастар на недвижности и други), па оттука материјално-правната законитост на нотарските исправи единствено се обезбедува преку судска заштита, како што тоа е предвидено во ЗН; (Извршност на нотарските исправи (член 53), ништовност на нотарските исправи (член 86), приговор и жалба против нотарски платен налог (член 68), приговор и жалба против оставинско решение на нотарот (член 147 од ЗН и член 128 од ЗВП)).

Меѓутоа, за повреди на законот според наведените надлежности на Министерството за надзор над работата на нотарите предвидени се дисциплински повреди во Законот за нотаријатот, и тоа, може да се каже, 3 вида: **полесни, потешки и најтешки.**

1) за полесните повреди како дисциплински мерки се предвидени писмена опомена или парична казна (член 138) или јавна опомена или парична казна (член 139), и тие повреди се однесуваат на непостапување по обврските пропишани со споменатите и други правилници на Министерството, како на пример неуредно водење на деловните книги, непристојно однесување, одбивање (без оправдани причини) исполнување на обврските предвидени во закон, подзаконските акти и актите на Комората, односно ветување намалување на нотарската награда, работење под дејство на алкохол, непридржување кон законските одредби за формата на нотарската исправа, и друго.

2) потешките повреди се дефинирани како повреди на нотарската должност утврдена со закон, и тоа два вида:

а) повреда на должноста со која се загрозува довербата на непристрасноста на нотарот во исправите кои ги составува, особено ако презема службено дејствие кое со закон не е дозволено (член 140), на пример, неводење евиденција за нотарската награда, или ја наплаќа спротивно на тарифата, составување приватни исправи, непочитување одлуки на судовите, и друго;

б) повреда на нотарската должност исто како во претходниот член со додаток – презема службено дејствие кое не е дозволено со закон и притоа нотарот за себе или за трето лице стекнува имотна корист (член 141), на пример, потврдува

факти што не се случиле или потпишува исправи за службени дејствија на кои не бил присутен, вложува пари што му се доверени, оддава класифицирани информации, одбива да даде податоци на државни органи, и друго.

3) најтешки дисциплински повреди се 1) привремено оддалечување од вршењето нотарска служба заради заштита на достоинството на нотарската служба, по правило од надворешни околности –определен е притвор за кривично дело, поведена е постапка за одземање на деловната способност и друго, како и за некои од повредите од член 140 од ЗН; 2) трајно одземање на правото на вршење нотарска служба за некои од дисциплинските повреди од член 141, на пример, непреземање мерки за спречување перење пари, извршување кривично дело или прекршок во вршењето на нотарската служба.

Големата важност на дисциплинската одговорност на нотарите според ЗН се изразува и во составот на Дисциплинскиот совет на Комората, во кој членови се двајца судии и двајца заменици, еден обвинител и заменик и двајца нотари со заменици (член 124), како и Второстепениот дисциплински орган на Комората кој одлучува по жалби против одлуки на Дисциплинскиот совет, а е составен од двајца членови на Управен одбор именувани од самиот Управен одбор и тројца судии на апелационите судови именувани по предлог на Судскиот совет на РСМ. Против второстепената дисциплинска одлука, пак, може да се поведе управен спор пред Управниот суд. Овластени предлагачи за поведување дисциплинска постапка против нотар се Министерството за правда, претседателот на основниот суд на чие подрачје е седиштето на нотарот и претседателот на Нотарската комора, секој според надлежноста утврдена во ЗН (член 134).

Според споменатиот Правилник, Министерството го врши надзорот според месечен план, кој содржи листа на нотари над чија работа се планира да се врши надзор, така што Министерот формира Комисија од претставници на Министерството и судија на надлежен суд од подрачјето на седиштето на нотарот, а при надзорот мора да биде присутен нотарот кој предходно е известен за надзорот и кој е должен да овозможи пристап до архивата на нотарските исправи и списи, во кои увидот го врши Комисијата согласно со споменатиот член 4 од Правилникот. Важно е дека при надзорот не смее да се повреди тајноста на списите и информациите, согласно со Законот за заштита на личните податоци и тајноста на содржината на тестамент кој не е прогласен.

За извршениот надзор Комисијата е должна да состави записник, кој го потпишуваат членовите на Комисијата и нотарот, кој ако одбие да го потпише, должен е да ги изнесе причините, кои се внесуваат во записникот. Врз основа на записникот, Комисијата составува извештај за утврдената фактичка состојба од надзорот и го доставува до нотарот и до Комората во рок од 30 дена од извршениот назор. Доколку постои несогласување кај членовите на Комисијата за определени или за сите прашања од извршениот надзор, тоа посебно се забележува во Извештајот, а доколку нотарот има забелешки на Извештајот или не го потпишал записникот кон Извештајот, се приклучува и одговорот на нотарот што бил должен да го достави во рок од 8 дена од приемот на извештајот.

Во зависност од констатираните состојби во извештајот, Министерството одлучува дали ќе поднесе предлог за поведување дисциплинска постапка, или ќе преземе други мерки согласно со законот, а тоа значи да ги извести надлежните органи ако има основано сомнение за сторено кривично дело или прекршок, што секако е поврзано со некој вид потешка дисциплинска повреда.

Според Законот и Правилникот, се предвидува можност Министерството да врши надзор и по конкретен предмет на нотар, и тоа без претходно известување на нотарот. Овој надзор е посебно важен затоа што се врши врз основа на сознанија за незаконита работа на нотар добиени од државни органи, правни или физички лица.

Надзорот по конкретен предмет може да го врши овластено лице од Министерството или писмено (во форма на иницијатива, претставка или предлог) може да го препрати до друг надлежен орган доколку смета дека ќе се добие поцелисходен одговор, за што се известува подносителот на писменото.

По приемот на писменото од нотарот задолжително се бара одговор за да се утврди дали има основ да се изврши надзор, имајќи ги предвид и аргументитите на нотарот изнесени во одговорот по писменото. Притоа овластените лица – од министерството или од надлежниот орган до кого е доставено писменото, ќе извршат надзор доколку оценат дека во одговорот на нотарот не е одговорено на сите прашања, ако постои сомневање во вистинитоста на наводите и веродостојноста на изнесените докази или нотарот не достави одговор, а од наводите во писменото има основ за поднесување предлог за поведување дисциплинска постапка. Инаку, и надзорот по конкретен предмет се извршува на идентичен начин како и редовниот надзор, согласно со членовите 2, 3, 4, 6, 7 и 8 од споменатиот Правилник.

Според податоците од Нотарската комора, во 2022 година врз основа на извршен надзор над работата на нотари од Министерството за правда поднесени се предлози за поведување дисциплински постапки против 17 нотари.

## II. Управен надзор над работата на нотарите од Управата за финансиско разузнавање

Управата за финансиско разузнавање е орган на државната управа во состав во Министерството за финансии, со својство на правно лице со надлежности утврдени во Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам (Сл. весник на РСМ бр. 151/2022 год.) и на него упатува и Законот за нотаријатот (член 159 и 160), според кои се утврдени должности на нотарите да донесуваат Годишна програма за примена на мерки и дејствија за спречување перење пари и финансирање тероризам, а Нотарската комора е задолжена да формира Комисија за надзор на примената на споменатиот закон од страна на нотарите.

Во Законот за спречување перење пари... во член 5 изрично се утврдени, меѓу другите, и нотарите како субјекти кои имаат обврски да преземат мерки и дејствија за откривање и спречување перење на пари.., во врска со точно утврдени активности: купување и продавање на недвижен и движен имот, управување со пари и хартии од вредност, отварање и управување со сметки во банки, основање, работење и управување со правни лица и друго (член 7). Нотарите се должни да изготвуват процена на ризикот од перење на пари кои се однесуват на клиент, односно да вршат анализа на клиенти и нивна идентификација, како и идентификација на вистинскиот сопственик (член 15), да ги почитуваат забраните од член 58 според кој се забранува плаќање во готовина на стоки и услуги на лица од 3.000 евра и посебно да ги доставуваат податоците и информации до Управата за готовинските трансакции во износ од 15.000 евра и повеќе, без оглед на тоа дали се работи за една или повеќе трансакции, и тоа во рок од 3 дена (член 64), нотарите се должни на денот на составување или заверки на нотарски исправи и заверки на потписи на договори со кои се стекнуваат права на имот во вредност од 15.000 или повеќе евра, да ги достават до Управата, а наведените документи во рок од 3 дена да ги достават на Управата во вид на извештај во електронска форма (член 14) и други мерки.

Согласно со член 151 од споменатиот Закон, Управата врши надзор над примената на мерките и дејствијата предвидени во тој закон од страна на субјектите – нотарите, и е надлежна да издава прекршочен налог со можност за спогодување или да поднесе барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршок, на пример, по член 189 – неспроведување анализа на процена на ризикот од перење пари од клиент или недоставување до Управата податоци со утврдена глоба од 30 до 40.000 евра или по член 190 за прекршок не е извршена идентификација на клиентот и други со глоба од 12 до 15.000 евра или по член 191 за прекршок ако не се врши редовна обука на овластените лица и други, со глоба од 2 до 2.500 евра.

Според Извештајот за работата на Управата во 2021 година, извршени се надзори кај повеќе од 80 субјекти, па и 4 надзори – редовни кај 4 нотари и вонредни кај 2 нотари (веб-страница на Управата за финансиско разузнавање).

Како најчести прекршоци се наведени: неизготвување процена на ризик, неидентификување и потврдување на идентитетот на клиенти, недоставување податоци до Управата, незадржување

копија од документи, непостапување по налог за следење деловен однос.

## III. Антикорупциска проверка – еден вид надзор од Државната комисија за спречување корупција

Законот за нотаријатот во членот 31 утврдува должност на нотарите ако при вршењето на нотарската служба дојдат до сознание за корупција да одбијат преземање службена должност (на пример да состават нотарски акт или да солемнизираат приватна исправа), и случајот веднаш да го пријават на надлежен орган, па и на Државната комисија за спречување корупција, која согласно со член 17 од Законот за спречување корупција и судар на интереси (Службен весник бр. 12/2019 год.), меѓу другото, може да спроведува антикорупциска проверка за примената на законот и подзаконските прописи, и да постапува по пријава на физички и правни лица, покренувајќи иницијатива за поведување постапка за кривично гонење по предмети по кои постапува, како и согласно со член 24 да води прекршочна постапка преку Прекршочната комисија, составена од службени лица на Комисијата, за одделни прекршоци (член 113). Така, може да поведе прекршочна постапка по член 100 и член 103 од споменатиот Закон против одговорно лице во одредена институција ако не ги достави бараните податоци потребни за извршување на своите надлежности, не поднесе анкетен лист за имотната состојба и слично и да се изрече глоба од 300 до 500 евра.

Овој закон се однесува и на институциите со јавни овластувања – тоа значи и на нотарите, согласно со членовите 1, 2, 3 и 4. Според Извештајот на Комисијата за 2021 год, во секторот Правосудство не е опфатена Нотарската служба и во таа година нема податоци за активности на Државната комисија во врска со нотарите и Нотарската служба (веб-страница на ДКСК).

## IV. Надзор на Агенцијата за заштита на личните податоци

Агенцијата за заштита на на личните податоци е самостоен и независен државен орган надлежен да врши надзор на законитоста на преземените активности при обработка на личните податоци на територијата на РСМ, и заштита на правата и слободите на физичките лица при обработка на нивните лични податоци согласно со Законот за заштита на личните податоци (Сл. весник на РМ бр. 42/2020 год.). Овој закон се однесува и на нотарите како носители и вршители на јавни овластувања кои се обработувачи на личните податоци на странките, односно нивна идентификација, што е присутна вршејќи ги своите надлежности согласно со Законот за нотаријатот.

Агецијата е овластена, согласно со споменатиот закон, да врши супервизија на законитоста на преземените активности при обработка на личните податоци, и тоа: редовна, вонредна и контролна супервизија (член 102 и 104). При супервизијата може да се проверуваат општите и поединечните акти, документи и списи и ако се утврди повреда на прописите, да донесе и соодветно решение против кое е обезбедена судска заштита со право за поведување управен спор.

Исто така, супервизорот може да поднесе барање за поведување прекршочна постапка пред Прекршочната комисија на Агенцијата, која одлучува согласно со Законот за прекршоци и таа може да изрече глоба од 2 % од вкупниот годишен приход на обработувачот остварен во деловната година – на пример, за прекршок од 1 категорија (член 110), ако не е обезбедена дадена согласност од законскиот застапник, или не овозможува супервизија, или за прекршок од 2 категорија (член 111), глоба во износ од 4 % од годишниот приход на обработувачот, ако не врши законска обработка согласно со начелото од член 10 – посебна категорија на лични податоци, врши пренос или открива лични податоци и други. Против решението за прекршоци дозволено е правно средство според Законот за прекршоци.

Според Извештајот на Агенцијата во 2021 г., не е извршена супервизија кај некој нотар (веб-страница на Агенцијата за заштита на личните податоци).

## V. Управен надзор на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер

Агенцијата е самостоен и независен джавен орган кој работи и донесува одлуки согласно со закон и одговара на Собранието на ЕСМ и има својство на правно лице. Агенцијата е надлежна да води управна постапка и да одлучува по жалби против решение со кое носителот на информација го одбива или го отфрла барањето за пристап до информации на барателот, води прекршочна постапка пред Прекршочна комисија (на Агенцијата) која одлучува за прекршоците согласно со Законот за слободен пристап до информации од јавен интерес (Службен весник на РМ бр.101/2019, член 29 и 30). Нотарите вршат јавни овластувања, па затоа Законот за нотаријатот упатува на овој закон (во членот 33 став 6) ги задолжува нотарите да овозможат пристап до информации од јавен интерес.

Имателот на информација, во согласност со член 25, може со решение целосно или делумно да го одбие барањето во случаите точно утврдени во член 6 на овој закон, ако се работи за класифицирани информации, за лични податоци или повреда на доверливоста во судските постапки и друго, со тоа што имателот на информација ќе одобри достапност на информацијата по задолжителниот тест за штетата, во кој ќе се утврди штета по интересот на заштита на информацијата, а не во интерес за достапност на информацијата.

Според член 38 и член 39 од Законот, имателот на информација прави прекршок со глоба од 500 евра ако го спречи службеното лице за посредување при остварување слободен пристап до информации, односно 250 евра ако имателот на информацијата не спроведе тест, одбие да го изврши правосилното Решение на Агенцијата која одлучувала по жалба поднесена против решението за прекршок од Прекршочната комисија при Агенцијата, а не е поведен управен спор.

Според Извештајот на Агенцијата за 2022 год., нема податок дека до некој нотар е поднесено барање за добивање информација од јавен карактер (веб-страница на Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен интерес):

## Заклучни констатации

1) Законот за нотаријатот и законите на кои тој упатува ги утврдуваат видовите надзор над работата на нотарите и Нотарската служба, со кои се воспоставува и остварува принципот на законитост и во нотарската служба како дел од правосудниот систем во државата, од чие успешно и ефикасно функционирање непосредно зависи владеењето на правото, чија состојба покажува дали и како се почитуваат човековите и граѓанските слободи и права, дали и како се спречува криминалот и корупцијата и дали напредокот во општеството се заснова доминантно на трите столба: суверенитетот на граѓаните, правото и правдата и слободата и демократијата.

2) Видовите управен надзор се само еден од уставно-правните средства за спречување на повредите и злоупотребите на службените овластувања во сите институции на системот и постојано е актуелно прашањето дали и како се врши надзорот, и од аспект на казнување и од аспект на заштита, со оглед на општата состојба со непочитувањето на законите, како во примената така и во отсуството на нивната примена, што може да се забележи и од изложените видови надзор.

3) Може да се констатира дека во вршењето на јавните овластувања нотарите се изложени на сериозни предизвици за спречување на криминалот и со обврската за заштитата на правата, со оглед на должностите пропишани со изложените закони, но и одговорностите во случај на утврдување одговорност за незаконитост и при постапување и за непостапување, со дадените широки и бројни можности за поведување прекршочна или дисциплинска постапка со предвидени прекршочни санкции и дисциплински мерки. Притоа, битно е дека конечна оценка и потврда за постоење или непостоење повреда на закон даваат судовите – граѓанскиот или управниот суд, во зависност од областите поврзани со надлежноста на нотарите, што е исклучително ва-

жно како принцип, но, се разбира, ако тие функционираат според современите европски судски стандарди.

4) Целта на овој труд не е да прави општа анализа на сите аспекти за состојбата, и нормативна и практична, туку да им се предочи на нотарите, меѓу кои има многу новоименувани, а во услови кога –според јавното мислење присутна е ерозија на уставноста и законитоста во државата, на нивното значење и одговорност при вршење на нотарската служба, за негување на довербата што е стекната за изминатите 25 години од формирањето на македонскиот нотаријат.

5) Може да се каже дека за овие години се етаблира нотарската правна професија како дел од правната професија во државата, која несомнено даде свој придонес за остварување на целите и општествената оправданост за постоењето на нотаријатот како институција со јавни овластувања во интерес на граѓаните и другите правни субјекти. Може да се очекува афирмацијата на нотарската правна професија во уставно-правниот систем, чија одговорност и значење се зголемува во современите услови на електронска дигитализација на нотарските правни услуги.

12.4.2023 г.

# НЕКОИ ПРАШАЊА ПОВРЗАНИ СО ФОРМАТА НА ДОГОВОРОТ ЗА ПРЕНОС НА УДЕЛ ВО ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ

**Теофил Томановиќ,**
судија во пензија

## Вовед

Според членот 166 став (1) од Законот за трговските друштва („Сл. весник на РМ“ бр. 28/2004), друштвото со ограничена одговорност е трговско друштво во коешто едно или повеќе физички и правни лица учествуваат со по еден влог во однапред договорената основна главнина на друштвото. Со Глава III од наведениот закон – Друштво со ограничена одговорност (член 166 до 269) уредени се прашањата на основање, работа и престанок на друштво со ограничена одговорност.

Според членот 3 став (1) точка 4) од Законот за трговските друштва, „влог во друштвото“ се пари, ствари, права коишто содружникот, односно акционерот ги отстапува и пренесува на трговското друштво во постапка за основање или постапка на зголемување на основната главнина на друштвото, односно и труд и услуги кога тоа со овој закон е допуштено, а според точка 49), „удел во друштвото“ е севкупност на права и обврски коишто содружникот ги стекнува врз основа на влогот во основната главнина во јавното трговско друштво, командитното друштво и друштвото со ограничена одговорност, при што секој содружник има еден удел кој не може да биде претставен во хартија од вредност.

Прашањето на располагање со удел е уредено со членот 197 став (1) од Законот за трговските друштва, според кој содружниците располагаат со уделите под условите утврдени во договорот на друштвото, а според став (4) се пренесува со договор за пренос на удел заверен кај нотар. Со оглед на тоа дека според членот 197 став (1) од Законот за трговските друштва, содружниците слободно располагаат со уделите под условите утврдени во договорот за друштвото, преносот на удел може да биде извршен на повеќе начини, како на пример, со договор за продажба на уделот или размена, подарок, внесување удел како влог во некое друштвто, порамнување пред судот или надвор од судот итн.

Во трудот авторот ќе го елаборира прашањето на формата на договорот за пренос на удел, притоа невпуштајќи се во анализа на други прашања поврзани со основање, работа и престанок на друштво со ограничена одговорност. При анализата на формата на договорот за пренос на уделот, авторот ќе го анализира законското решение од наведениот член 197 став (4) од Законот за трговските друштва, како и начинот на кој во секојдневната правна практика тој се толкува и применува, поаѓајќи од фактот дека термините содружништво и удел во друштво со ограничена одговорност се поклопуваат и дека го изразуваат учеството во друштвото и правата и обврските кои произлегуваат од тоа учество.

Според мислењето на авторот, потребно е, пред сè, со цел да се даде одговор на вистинското значење на цитираниот член 197 став (4), да се види која е улогата на нотарот во Законот за трговските друштва, односно во кој обем и на кој начин е определена неговата надлежност во врска со дејствијата кои во вршењето на дејноста ги преземаат субјектите од членот 2 на овој закон. На таков начин ќе се овозможи правилно толкување на членот 197 став (4) од Законот за трговските друштва, во делот кој се однесува на употребениот израз „удел заверен кај нотар“, имајќи го притоа предвид фактот дека преку споредување на законските решенија содржани во овој закон, а кои се однесуваат на овој вид правни акти, ќе може да се утврди неговото (вистинско) правно значење и на таков начин да биде овозможено во практика наведената законска одредба од членот 197 став (4) да ја изврши функцијата поради која е вградена во законот.

Кога се во прашање договори кои според Законот за трговските друштва ги склучуваат субјектите опфатени со членот 2, а во врска со кои нотар има определена (утврдена) надлежност, може да се заклучи дека постојат различни законски решенија од кои зависи преземањето нотарско дејство во согласност со Законот за нотаријатот („Сл. весник РМ“ бр. 72/16). Начелно, надлежностите на нотарот во Законот за трговските друштва се определени на повеќе начини: 1) со заверка на потпис (на пример, член 112 став (2), 115 став (3), 150, 242 став (4) и др.); 2) со заверка на договор за пренос на удел – член 197 став (4) и на заем – член 256 а) став (6); 3) со заверка на полномошно – член 266 став (2), 398 став (4) и др. и 4) со составување нотарски акт – член 520 став (1) и 521 став (1) итн.

Според јазичното толкување на наведените законски одредби, како основен метод на толкување на законите, треба да се изведе заклучокот дека законодавецот прави јасна законска дистинкција помеѓу изразите „заверка на потписите на договор“ и „заверка на договор“. Според тоа, во последниов случај станува збор за заверка на договор, како начин и форма на склучување на правната работа, а не и на потписите на договорните страни, каков што е случајот со наведените членови 112 став (2), 150 и 462 од Законот за трговските друштва. Меѓутоа, Законот за нотаријатот не познава нотарска исправа со која се врши заверка на некоја приватна исправа, туку согласно со членот 4 став (1), меѓу другото, тоа се нотарски акти и потврдени (солемнизирани) приватни исправи, кои воедно претставуваат јавни исправи, а според став (5), нотарските заверки имаат доказна сила на јавна исправа само во делот на фактите кои нотарот ги потврдил. Притоа, треба да се има предвид дека помеѓу зборовите „заверка“ и „потврдување“ постои суштествена разлика, бидејќи првиот има формално-правно значење (на пример: заверка на препис), а вториот материјално-правно, бидејќи укажува дека нешто се легализира, санкционира и сл. (според Дигиталниот речник на македонскиот јазик значи потврдување на приватна исправа од страна на нотар, односно давање правна сила на приватна исправа).

Предното е особено важно поради фактот дека според членот 86 став (4) од Законот за нотаријатот, при заверка на потписот, односно ракознакот, нотарот се запознава со содржината на исправата, само толку за да може да ги пополни рубриките на Уписникот за заверки и потврди. Притоа, нотарот не е одговорен за содржината на писмената, ниту е должен да испитува дали учесниците се овластени за преземање на таа правна работа. Со ставот (7) е утврдено дека во случај ако се заверува потпис на лице како застапник на некое правно лице или државен орган, нотарот може во заверката да потврди дека тоа лице се потпишало за правното лице или др-

жавниот орган само ако претходно утврдил дека е лице овластено за застапување или полномошник на правното лице или државниот орган.

Наведената законска одредба во практиката предизвикува дилеми поврзани со обврските кои нотарот ги има согласно со членот 30 став (2) од Законот за нотаријатот, според кој е должен да одбие преземање службено дејствие ако тоа е неспојливо со неговата службена должност, а особено ако неговото учество се бара за постигнување на очигледно недозволени цели. Се поставува прашањето: како нотарот може да одбие преземање на нотарското службено дејствие ако според цитираниот член 86 став (4) при заверка на потписот не се запознае со содржината на исправата? Сепак, во врска со наведеното, во нотарската практика, начелно, е прифатено дека нотарот ќе одбие преземање службено дејствие на заверка на потписите или ракознакот ако дојде до сознание во врска со заверката на потписите и ракознакот дека се работи за корупција и притоа случајот треба да го пријави до надлежниот орган, потоа, ако се посомнева во перење пари согласно со Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам, и во други случаи предвидени со закон (види подетално: „Коментар на Закон за нотаријатот“, 2023, стр. 217)

Поради наведеното, се поставува и дополнително прашање: дали при заверка на потписи на договорот за пренос на удел нотарот треба да води сметка за горенаведените прашања, но, исто така, и за други прашања на кои упатува Законот за трговските друштва (на кои ќе биде укажано во натамошното излагање), а од кои зависи неговата законитост? Поточно, како што е веќе кажано, како нотарот ќе ги утврди наведените околности (факти) ако не е должен да се запознае со содржината на приватната исправа, во конкретниов случај со содржината договорот за пренос на удел?

Досегашната судска практика нема дадено одговор (дефинитивен) на прашањето за правното значење на цитираниот член 197 став (4) од Законот за трговските друштва, кога е во прашање располагање со удел и обврските кои од него произлегуваат за нотарот. Имено, во повеќе случаи нотарите, согласно со членот 30 став (2) од Законот за нотаријатот, со формално решение имаат одбиено преземање службено дејствие – заверка на договор за пренос на удел, бидејќи од приложените исправи заклучиле дека станува збор за зделка со сомнителна содржина која води кон недозволени цели во смисла на Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам. Управниот одбор на Нотарската комора на Република Северна Македонија, постапувајќи согласно со членот 30 став (7) од Законот за нотаријатот, жалбите изјавени против такви решенија ги одбил како неосновани, што било причина странките, во договорот за пренос на удел, да побараат и судска заштита. Во такви случаи Управниот суд, на пример, со правосилните пресуди У. бр. 2050/19 од 28.10.2020 година и У. бр. 2051/19 од 12.07.2021 година, тужбите за поништување на одлуките на Управниот одбор на Нотарската комора на Република Северна Македонија ги одбил како неосновани. Меѓутоа, иако Управниот суд во наведените пресуди прифаќа дека (фактички) станува збор само за потпис на договор за пренос на удел, не дава никакво правно образложение во врска со членот 86 став (4) од Законот за нотаријатот, туку се согласува со заклучокот дека во конкретните случаи станува збор за зделки со сомнителна содржина кои водат кон недозволени цели во смисла на Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам. Поинаку читано, би можело (индиректно) да се заклучи дека Управниот суд се согласува со две работи, и тоа: првата, дека склучувањето на договорот за пренос на удел се врши само со заверка на потписи на договорните страни, и втората, дека нотарот, без оглед на содржината на цитираниот член 86 став (4) од Законот за нотаријатот, е овластен, кога е во прашање Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам, да ја испитува и оценува содржината на актите кои се приложуваат кон договорот, каква што е, впрочем, досегашната нотарска практика.

## Значење на договорот за пренос на удел

Законските решенија со кои е уредено прашањето на заверка на потпис или ракознак, во

нотарската практика, отсекогаш предизвикувале дилеми кај правните практичари, кои датираат уште од времето кога во сила бил Законот за вршење на нотарски работи („Сл. весник на РМ“ бр. 59/96), во кој, со членот 61 став (4), е утврдено дека при заверката на потписот нотарот се запознава со содржината на исправата. Меѓутоа, со членот 63 став (4) од Законот за нотаријатот („Сл. весник на РМ“ бр. 55/07) наведеното законско решение е изменето на истиот начин како што е тоа сега уредено со цитираниот член 86 став (4) од Законот за нотаријатот (за ова прашање види подетално: „Примена на одредбите од членот 63 на Законот за нотаријатот“, Р. Максимовски, „НОТАРИУС“ бр. 12/2009, „Neka pitanja ovjere potpisa (legalizacija)“ R. Benc, „JAVNI BILJEŽNIK“ BR. 6/1999 итн.).

Какво е значењето на договорот за пренос на удел во друштво со ограничена одговорност? Во врска со ова прашање, на пример, проф. д-р Ј. Барбиќ во „Pravo društva“ knjiga 2, наведува: „Правото на друштвото може да се пренесува. Како што истото се темели врз деловниот удел, пренос на членството се остварува со пренос на тој удел. Тоа може да биде сторено со секој вид правна работа која е насочена на пренос на деловниот удел. Без оглед на тоа што преносот на деловниот удел е слободен, тој може со договорот за друштво да се ограничи, па дури и да се исклучи, што вообичано се случува со цел да се одржи членска структура на друштвото, да се заштити друштвото од непријателско преземање, од приклучување кон некое друго друштво и сл. Со оглед на тоа дека деловните удели не се искажуваат во хартии од вредност, со истите не може да се тргува на берза, и по тоа друштво со ограничена одговорност се разликува од акционерско друштво...“. Д-р К. Чавдар, во статијата „Располагање со удел во друштво со ограничена одговорност со пренос на содружништво“ („Правник“, Специјален прилог, бр. 177/2007) наведува, цитираме: „Со оглед на ова, кога станува збор за основниот влог и за уделот, се работи за гледање на истата работа од два аспекти, и тоа, еднаш со оглед на учеството на содружникот во основната главнина на друштвото, а од друга страна со оглед на севкупноста на правата и обврските што таквото учествување му ја дава на оној што со учеството во основната главнина стекнува својство на содружник во друштвото... Не може да се има удел во друштвото без да се учествува со влог во основниот капитал на друштвото. Со стекнување на едниот, се стекнува и другиот, со пренос на едниот, се пренесува и другиот, со престанок на едниот, престанува и другиот“.

Ваквото значење на уделот укажува на потребата неговиот пренос да биде форма која ја гарантира содржината на правната работа, на која е укажано понапред, и без која не може да предизвика правни последици.

Според членот 2 став (2) од Законот за нотаријатот, нотарската служба е јавна служба што ја вршат нотари, кои се самостојни и независни носители на таа служба, а според став (3) се врши со примена на начелата за гарантирање законито вршење на работите, врз основа на Уставот, закон, меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот и други прописи и општи акти засновани врз закон.

Според членот 198 став (1) од Законот за трговските друштва, удел може да се пренесе на трето лице само ако содружникот во потполност го уплатил својот влог, според став (2) правото на првенствено купување удел се остварува според овој редослед: другите содружници и лицето определено од друштвото, а според (7) содружниците во друштвото кои должат по основ на неисплатени даноци, царина и придонеси не можат да купуваат, ниту да вршат пренос на удели во своето или во други трговски друштва (член 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, „Сл. весникк на РМ“ бр. 38/14). Секој пренос на удел, според членот 197 став (3) од Законот за нотаријатот, што се врши на начин и според услови што се во спротивност со овој закон или со договорот на друштвото, е ништовен, а согласно со членот 101 став (1) од Законот за облигационите односи („Сл. весник на РМ“ бр. 18/2001), судот внимава по службена должност и на неа може да се повика секое лице кое за тоа има правен интерес. Предното може да биде случај ако во врска со склучениот договор за пренос на удел биде побарана судска заштита.

При изнесената de lege lata состојба, основано се поставува прашањето – дали само (фактички) со заверка на потписите на странките во договорот за пренос на удел се гарантира законитост на склучениот договор за пренос на удел?

Постои суштествена разлика помеѓу нотарското службено дејствие од членот 86 од Законот за нотаријатот – заверка на потпис или ракознак (легализација) и членот 55 став (1) – потврдување на приватна исправа (солемнизација). Имено, според членот 4 став (1) од Законот за нотаријатот, потврдени (солемнизирани) приватни исправи се сметаат за јавни исправи, што според став (2) не е случај со нотарски заверки на потпис или ракознак, бидејќи во тој случај јавна исправа е само клаузулата за заверка на потпис или ракознак, а исправата на која потписот е заверен и понатаму останува приватна исправа. Од друга страна, во случај кога договорот за пренос на удел би се составувал во форма на нотарски акт, истиот би требало да биде со содржина утврдена во членот 65 од Законот за нотаријатот, а во случај на потврдување на таков договор (солемнизација), нотарот, согласно со членот 55 став (4) од Законот за нотаријатот, би имал дел од обврските од наведениот член 65, како, на пример, според став (1) точка ѓ) треба да содржи детален опис на предметот на актот, според точка ѓ) треба да содржи прилози кон изворникот на актот во оригинал или заверен препис, а според точка е) и забелешка дека актот и прилозите им биле прочитани на странките. Сето тоа недостасува при заверка на потпис согласно со членот 86 став (1) од Законот за нотаријатот, според кој нотарот потврдува дека странката во негово присуство своерачно ја потпишала исправата, или ставила свој ракознак, или го признала потписот, односно ракознакот како свој. На предното укажува и содржината на штембилот за заверка на потпис или ракознак (член 7 став (1) точка 9 од Правилникот за формата и содржината на службениот поечат, сувиот жиг, жигот за восок и штембилите на нотарот, како и начинот на нивното издавање, замена, одземање и поништување („Сл. весник на РМ“ бр. 226/16), во кој посебно е нагласено дека учесниците се известени за тоа дека нотарот не е одговорен за содржината на писменото, ниту е должен да испитува дали учесниците се овластени за таа правна работа, што се темели врз фактот дека според членот 86 став (4) од Законот за нотаријатот, како што е веќе наведено, при заверката на потписот или ракознакот нотарот е должен да ја запознае странката со тоа дека се потврдува само потписот, но не и содржината на исправата. Конечно, според членот 4 став (1) од Законот за нотаријатот, меѓу другото, нотарската јавна исправа е и потврдена (солемнизирана) приватна исправа, што не е случај со договорот за пренос на удел, на кој, всушност, се врши само заверка на потписи на договорните страни.

Со оглед на значењето на договорот за пренос на удел, во споредбеното право може да се сретне законско решение според кое овој договор мора да биде во форма на нотарски акт или во форма на негово потврдување (солемнизизација). Така, на пример, според членот 412 став (3) од Законот за трговските друштва на Р. Хрватска („Народне новине“ бр. 40/19): „Za prenos poslovodnog udela potrebno je ugovor sklopljen u obliku javnobilježničkog akta ili privatne isprave koju potvrdi javni bilježnik ili sudska odluka koja zamenjuje takav ugovor“, според членот 129 став (2) од Трговски закон на Р. Бугарија (1 јули 1999 година), „пренос на содружничкиот дел се врши со договор кој содржи нотарска потврда на потписи и содржината, извршена едновремено, и се упишува во трговскиот регистар ...“ итн.

Дилемите во врска со формата на договорот за пренос на удел датираат уште од времето кога во сила влегол Законот за трговските друштва (8 мај 2004 година), а кога во сила е Законот за вршење на нотарски работи. Во веќе споменатиот Специјален прилог на „ПРАВНИК“ бр. 177/2007, авторот д-р К. Чавдар изразува категоричен став дека: „Договорот за пренос на удел може да биде составен во форма на нотарски акт (член 41 од Законот за вршење на нотарските работи) или со потврдување на таквиот договор (солемнизирање) од страна на нотар (член 44). Ваквата форма на договорот за пренос на удел е претпоставка за настанување и полноважност на таквата зделка, така што без почитување на таквата форма, таквиот договор ниту не настанува“.

## Извршна клаузула во договорот за пренос на удел во друштво со ограничена одговорност

При преземање на нотарските дејствија нотарот треба да води и сметка дали во договорот за пренос на удел странките договориле (дале изјава) за т.н. извршна клаузула. Имено, според членот 53 став (1) од Законот за нотаријатот, нотарската исправа (член 4 став (1) е извршна исправа ако во неа е утврдена определена обврска за чинење за која странките можат да се договорат и ако содржи изјава на обврзникот за тоа дека врз основа на таа исправа, може заради остварување на чинењето по доспеаноста на обврската непосредно да се спроведе присилно извршување, а постапувањето на нотарот подетално е уредено со ставот (5). Ова поради тоа што договорите за пренос на удел често се двострано обврзувачки и поради тоа извршната клаузула го обезбедува нивното ефикасно извршување, без потреба од водење на судската постапка. Меѓутоа, како што е веќе наведено, бидејќи извршната клаузула може да биде содржана само во нотарска исправа, а според членот 4 став (1) од Законот за нотаријатот, на што укажува и членот 53 став (5) од истиот закон, тоа е или нотарскиот акт или потврдена (солемнизирана) приватна исправа, следува заклучокот дека таквата клаузула не може да биде обезбедена во постапка за заверка на потпис на договорот за пренос на удел согласно со членот 86 од Законот за нотаријатот. Според сознанијата на авторот, во нотарската практика, кога странките ќе укажат дека приватната исправа (договор за пренос на удел) содржи и извршна клаузула, нотарот ќе им укаже дека, во таков случај, е потребно да се изврши потврдување (солемнизација) на приватната исправа, по што, во согласност со странките, нотарот ќе спроведе постапка за потврдување (солемнизација) на договорот за пренос на удел. Предното поради тоа што според членот 12 став (1) точка 3) од Законот за извршување („Сл. весник на РМ“ бр. 72/16) извршна исправа е и извршна нотарска исправа, а тоа е, како што е веќе наведено, нотарска исправа составена во форма на нотарски акт или потврдена (солемнизирана) приватна исправа.

## XXXX

Според мислењето на авторот, за да се избегнат сите дилеми на кои е укажано во трудот, а со цел да се обезбеди правна сигурност на странките во договорот за пренос на удел, но и на останатите содружници во друштво со ограничена одговорност, најцелисходно законско решение би било со Законот за трговските друштва да биде пропишано дека договорот за пренос на удел треба да биде составен во форма на нотарски акт или потврдена (солемнизирана) приватна исправа, какви што законски решенија се среќаваат во компаративното право, а на кои е укажано во трудов. Авторот укажува на потребата од такво законско решение во време кога е во тек постапката за донесување нов Закон за трговските друштва, во кој (работна верзија) со членот 193 став (4) се задржува постојното законско решение од членот 197 став (4) од Законот за трговските друштва, според кој уделот се пренесува со договор за пренос заверен кај нотар. Таквото законско решение ќе гарантира повисок степен на правна сигурност при склучување на договорот за пренос на удел во друштво со ограничена одговорност, имајќи ги притоа предвид и обврските кои нотарот, согласно со членот 55 и 65 од Законот за нотаријатот, ги има при составување нотарски исправи во форма на нотарски акт или во форма на потврдување (солемнизација) на приватна исправа.

# ГЛАВА III

## МАТЕРИЈАЛИ УТВРДЕНИ ОД СТРУЧЕН СОВЕТ И УСВОЕНИ ОД УПРАВЕН ОДБОР

Стручниот совет на Нотарската комора на Република Северна Македонија, во согласност со член 21 став (2) од Правилникот за работа на Стручниот совет на Нотарска комора на Република Северна Македонија, на седницата одржана на ден 26.9.2022 година и во продолжение на ден 4.10.2022 година, едногласно го усвои и Управниот одбор на Нотарската комора на Република Северна Македонија, на седницата одржана на ден 24.3.2023 година, едногласно го потврди следново:

# ПРАВНО МИСЛЕЊЕ
## за ЕЛЕКТРОНСКО одржување на Собрание на АКЦИОНЕРИ

**Акционерско друштво чии акции котираат на берза и акционерско друштво кое во согласност со Законот за хартии од вредност има посебни обврски за известување, може да им овозможи на акционерите и/или нивните полномошници учество на седница на собрание на друштвото со електронски средства, само доколку друштвото има воспоставено систем за електронска регистрација и евиденција на акционерите заради нивна идентификација и зачувување на безбедноста на електронската врска при учество на акционерите на собрание, на еден од следниве начини:**

**1) директен пренос на собранието;**

**2) двонасочна аудио и видеокомуникација во живо, која на акционерите им овозможува да се обраќаат на собранието од кое било оддалечено место, и**

**3) електронски средства за гласање, пред или за времетраењето на собранието и без потреба од овластување полномошник кој физички би присуствувал на седницата.**

**Доколку записникот од одржаното собрание на акционери, на кое било овозможено учество на акционери и нивни полномошници со користење електронски средства го води нотар, тој мора да биде физички присутен на местото на одржување на собранието определено во поканата, односно во јавниот повик за одржување на собранието на акционери, а записникот мора да биде потпишан и заверен од нотарот и потпишан од претседавачот на собранието.**

### Образложение

Стручниот совет го разгледа прашањето дали и во кој случај акционерско друштво може да одржи собрание на акционери со користење електронски средства и на кој начин треба да постапи нотарот доколку го води записникот од одржаното собрание на акционери, на кое било овозможено учество на акционери и нивни полномошници со користење електронски средства.

По анализа на наведеното правно прашање и релевантната правна регулатива, Стручниот совет го усвои горенаведеното правно мислење од следниве причини:

Во согласност со член 387 став (1) од Законот за трговските друштва (Службен весник на РМ бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015, 6/2016, 30/2016, 61/2016, 64/2018, 120/2018, 290/2020 и 215/2021 – понатаму „ЗТД“), Собранието [на акционери] може да биде свикано со покана или со објавување јавен повик или со покана и со објавување јавен повик до акционерите.

Во согласност со член 388 став (1) од ЗТД, поканата, односно јавниот повик за свикување собрание, ги содржи следниве податоци: ... т. 2) местото и датумот на одржување на собранието.

Според член 391-а став (1) од ЗТД, друштво чии акции котираат на берза и друштво кое во согласност со Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување можат да им овозможат на акционерите најмалку еден од следниве начини за учество на седница на собрание на друштвото со електронски средства: 1) директен пренос на собранието; 2) двонасочна аудио и видеокомуникација во живо, која на акционерите им овозможува да се обраќаат на собранието од кое било оддалечено место и 3) електронски средства за гласање, пред или за времетраењето на собранието и без потреба од овластување полномошник кој физички би присуствувал на седницата. Според став (2), друштвата од ставот (1) на овој член кои на акционерите им овозможуваат да учествуваат на седница на собранието на друштвото на начин како што е пропишано во ставот (1) од овој член мора да имаат воспоставено систем за електронска регистрација и евиденција на акционерите заради нивна идентификација и зачувување на безбедноста на електронската врска при учество на акционерите на собрание на некои од начините пропишани во ставот (1) на овој член и притоа не смеат да бараат од акционерите да поднесуваат документи заверени кај нотар или потврдени од друг домашен или странски надлежен орган.

Во согласност со член 392-в став (1) од ЗТД, акционерите кај друштво чии акции котираат на берза и кај друштво кое во согласност со Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување, можат да овластат полномошници и/или на истите да им дадат инструкции за гласање на електронски начин. Според став (2), друштвата од ставот (1) на овој член, должни се на акционерите да им обезбедат користење на електронски систем, преку кој акционерите ќе можат да се регистрираат, да овластуваат свои полномошници и на истите да им даваат инструкции за гласање на седницата на собранието на друштвото. Според став (3), одредбите од овој член соодветно се применуваат и на откажувањето полномошно на електронски начин.

Во согласност со член 407 став (5) од ЗТД, кога записникот го води нотар, записникот се подготвува најдоцна во рок од три дена од денот на одржувањето на собранието, и него го потпишува нотарот и претседавачот со собранието.

Според организациската хиерархија на македонските акционерски друштва, собранието на акционери е на врвот и претставува орган кој има централно место во структурата на органите на акционерското друштво, а правната рамка во која се утврдени надлежностите, свикувањето и одржувањето на собранието на акционери е строго дефинирана со Законот за трговските друштва (ЗТД). Собранието претставува гарант на работењето на друштвото, засновано на принципите на јавност, ефективност и отчетност бидејќи преку него акционерите се информираат за работата и актуелната состојба во друштвото и донесуваат одлуки од нивна надлежност. Со оглед на тоа што РС Македонија е држава која континуирано се стреми кон хармонизација на законодавството со правото на Европската унија, актуелниот изменет и дополнет ЗТД е во корелација со правните норми содржани во Директивата 2007/36/ЕЗ во врска со остварувањето на одредени права на акционерите во акционерските друштва кои котираат на берза, која го воспоставува критериумот на еднаков третман на акционерите, што претставува основа на доброто корпоративно управување. Овој критериум бара друштвото да обезбеди еднаков третман на сите акционери, кои се во истата положба во однос на учеството и правото на глас на собрание. Во тој контекст, треба да се нагласи дека европското законодавство се приспособува на современите начини на комуникација и предвидува учество и одлучување на собрание на акционери по електронски пат или со допишување. Тоа, особено во периодот по појавата на пандемијата од Ковид 19, ја наметна потребата од напуштање на традиционалниот пристап на одржување седници на акционерските собранија со физичко присуство на акционерите и овозможување нивно учество од далечина, со помош на електронски средства.

Поаѓајќи од погоре цитираните законски одредби, треба да се нагласи дека одржувањето собрание на кое ќе се овозможи учество на акционерите и нивните полномошници со електронски средства не е во спротивност со законот доколку се одржува на еден од начините таксативно определени во член 391-а став (1) од ЗТД и доколку друштвото има воспоставено систем за електронска регистрација и евиденција на акционерите и нивните полномошници, заради нивна идентификација и зачувување на безбедноста на електронската врска.

Сепак, тоа не значи дека собранието на акционери може да се одржи целосно „онлајн" и без ничие физичко присуство на местото на негово одржување кое претходно било определено, од причина што во член 388 став (1) од ЗТД е строго нормирано дека собранието во секој случај мора задолжително да има место на одржување и тоа да е јасно означено во поканата, односно јавниот повик, што упатува на заклучок дека учеството на акционери и нивни полномошници од далечина преку електронски средства може да се овозможи само како алтернатива, односно да претставува можен избор, а не и да се наложи како единствен начин на учество. Ваквата нормативна рамка според својата содржина упатува на заклучок дека македонскиот ЗТД го прифаќа моделот на т.н. „хибридно" одржување собрание на акционери. Тоа подразбира комбинација на физичко присуство и истовремено учество преку електронски средства на одделни акционери и нивни полномошници на седницата на собранието, од далечина.

Според тоа, **во случај кога записникот од собранието на акционери на кое било овозможено учество на акционери и нивни полномошници со користење електронски средства го води нотар, тој мора да биде физички присутен на местото на одржување на собранието кое било определено во поканата, односно во јавниот повик за одржување собрание на акционери**, од причина што учеството од далечина преку електронски средства е предвидено само за акционерите и нивните полномошници, а не и за нотарот кога води записник. Ова и дотолку повеќе што „хибридното" одржување на собранието на акционери не ја дерогира одредбата од член 407 став (5) од ЗТД која пропишува дека записникот треба да биде потпишан и заверен од нотарот и потпишан од претседавачот на собранието.

СТРУЧЕН СОВЕТ НА НКРСМ
Претседател
Нотар Марјан Коцевски с.р.

Стручниот совет на Нотарската комора на Република Северна Македонија, во согласност со член 21 став (2) од Правилникот за работа на Стручниот совет на Нотарска комора на Република Северна Македонија, на седницата одржана на ден 15.11.2022 година и во продолжение на ден 22.11.2022 година, едногласно го усвои и Управниот одбор на Нотарската комора на Република Северна Македонија, на седницата одржана на ден 24.3.2023 година, едногласно го потврди следново:

# ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

## за издвојување заеднички имот во оставина

**1. Брачниот или вонбрачниот партнер на оставителот има право да бара издвојување на неговиот дел од заедничкиот имот којшто е стекнат за време на траење на брачната, односно вонбрачната заедница со оставителот.**

**Доколку брачниот или вонбрачниот партнер починал пред расправање на оставината на оставителот, правото да бараат издвојување дел од заедничкиот имот што би му припаднал на брачниот или вонбрачниот партнер во оставинска постапка го имаат неговите наследници.**

**Остварувањето на правото на издвојување на делот од заедничкиот имот на брачните партнери не зависи од волјата и согласноста на другите наследници.**

**2. Кога некој од наследниците не се согласува и го спори барањето за издвојување, нотарот ќе ја прекине постапката за расправање на оставината и ќе го упати да поведе парнична постапка оној чиешто право е помалку веројатно.**

### Образложение

1. Во македонското право, имотот што брачните партнери ќе го стекнат во текот на бракот претставува нивен заеднички имот во согласност со член 67 од Законот за сопственост и други стварни права (Сл. весник на РМ бр. 18/2001........35/2010). Станува збор за имотот којшто е стекнат со работа, со труд и заеднички придонес на двајцата брачни другари за времетраењето на заедничкиот живот. Поради тоа, во случај кога оставината се расправа во оставинска постапка, а како наследник се јавува и надживеаниот брачен партнер, нотарот е должен, на негово барање, од оставината да го издвои неговиот дел од заедничкиот имот, од причина што овој дел му припаѓа на надживеаниот брачен партнер. Во спротивно, во оставината би се вклучил и имот што не му припаѓа на оставителот.

Според член 69 став (1) од Законот за сопственост и други стварни права, правото на сопственост на брачните другари врз недвижности кои се нивен заеднички имот се запишува во јавните книги на името на двајцата брачни другари како нивен заеднички имот. Според став (2) на истиот член, ако во јавните книги како сопственик на заедничкиот имот е запишан само едниот од брачните другари, ќе се смета дека уписот е извршен на името на двајцата брачни другари.

При утврдувањето на деловите на брачните партнери во заедничкиот имот, судот, односно нотарот тргнува од фактот дека заедничкиот имот на брачните партнери се дели на еднакви делови, доколку не постои спор. Ако настане спор во однос на големината на уделот во заедничкиот имот на брачните партнери, по барање на еден од брачните партнери или на наследниците, судот може

на еден од брачните партнери да му определи поголем дел од заедничкиот имот, ако тој докаже дека неговиот придонес во заедничкиот имот очигледно и значително е поголем од придонесот на другиот брачен партнер, во согласност со член 75 ставовите (2) и (3) од ЗСДСП.

Истите правила кои се однесуваат на брачните партнери се применуваат и на вонбрачните партнери, со оглед на тоа што вонбрачната заедница, која траела подолго од една година, се изедначува со бракот во однос на имотот стекнат за времетраењето на вонбрачната заедница.

Судска практика:

- Судот може да утврди ништовност на договорот со кој еден од брачните другари, без согласност на другиот, го отуѓил имотот за кој судот утврдил дека е нивна заедничка сопственост, а притоа да го утврдува уделот на брачните другари во тој имот (Врховен суд на Хрватска, Рев. 1628/85 од 7. XI 1985 година).

- Наследниците имаат право да бараат утврдување на правото на сопственост врз основ на стекнување во брак на нивните родители (заеднички имот). Околноста што недвижноста стекната во брачна заедница во земјишните книги се води само на еден брачен другар не го исклучува другиот брачен другар, односно неговиот наследник, да бара да се утврди придонесот на двајцата брачни другари, т.е. родителите на наследникот (Одлука на Врховниот суд на Србија, Гж. 1574/78).

- Судот може да утврди делумна ништовност на Договор за доживотна издршка, со кој примателот на издршката располагал со целиот стан кој е во заедничка сопственост со неговиот брачен партнер, и покрај тоа што тој бил стекнат во текот на траењето на бракот со неговата сопруга, која починала пред него. Договорот за доживотна издршка не се однесува на целиот стан, туку само на една половина од станот, колку што му припаѓа на примателот на издршката (Пресуда на Основниот суд Скопје 2 граѓански суд П. Бр. 8307/07).

2. Според член 175 од Законот за вонпарничната постапка, ако меѓу наследниците настане спор за факти или за примена на право, судот ќе го прекине расправањето на оставината, а учесниците ќе ги упати да поведат парнична, односно управна постапка во следниве случаи:

**1) ако меѓу наследниците постои спор за тоа дали некој имот влегува во оставината, и**

**2) ако меѓу наследниците е спорно барањето на лицата кои со оставителот живееле во заедница да им се издвои од оставината дел кој одговара на нивниот придонес во зголемувањето на вредноста на имотот на оставителот.**

Според член 176 од Законот за вонпарничната постапка, а во врска со членот 175, судот ќе го упати да поведе парнична, односно управна постапка **оној учесник чие право го смета за помалку веројатно.**

Од цитираните законски одредби произлегува дека кога некој од наследниците го оспорува поставеното барање за издвојување дел од заедничкиот имот, нотарот ќе ја прекине постапката за расправање на оставината и ќе го упати да поведе парнична постапка оној чие право е помалку веројатно, а по правило тоа е оној учесник што го оспорува барањето за издвојување.

СТРУЧЕН СОВЕТ НА НКРСМ
Претседател
Нотар Марјан Коцевски с.р.

Стручниот совет на Нотарската комора на Република Северна Македонија, во согласност со член 21 став (3) од Правилникот за работа на Стручниот совет на Нотарска комора на Република Северна Македонија, на седницата одржана на ден 23.2.2023 година, едногласно го усвои и Управниот одбор на Нотарската комора на Република Северна Македонија, на седницата одржана на ден 24.3.2023 година, едногласно го потврди следново:

# ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

## за обем на наследничка изјава

**1. Наследничката изјава на лице повикано на наследство не може да биде делумна, ниту условена. Таа е единствена и целосна и се однесува за целокупната оставина, како во случај на прифаќање, така и во случај на откажување од наследството.**

**Наследничката изјава не може за одреден дел од наследството да биде позитивна, а за друг дел негативна.**

**2. Во случај на новопронајден имот, наследникот кој порано дал негативна наследничка изјава, нотарот е должен повторно да го повика да даде изјава за новопронајдениот имот.**

**За давање наследничка изјава по однос на новопронајдениот имот, законот не забранува да се повика да даде изјава и наследникот кој порано дал позитивна наследничка изјава.**

### Образложение

1. Во македонското наследно право е прифатено начелото на стекнување наследство *ex lege* – **по сила на законот**. Тоа значи дека наследниците се стекнуваат со наследството во моментот на смртта на оставителот, под услов да не се откажат од наследството. Со смртта на едно лице, се отвора неговото наследство. Но, истото дејство го има и прогласувањето на исчезнато лице за умрено во согласност со член 120 од Законот за наследувањето (Сл. весник на РМ бр. 47/1996). Во таа смисла, според член 127 од Законот за наследување е предвидено дека **„оставината на умреното лице преминува, по силата на законот, врз неговите наследници во моментот на неговата смрт“**.

Начелото на доброволност на наследувањето се изразува преку можноста наследникот да го прифати наследството или да се откаже од наследството, во согласност со член 170 став (1) од Законот за вонпарничната постапка (Сл. весник на РМ бр. 9/2008). Според член 128 став (1) од Законот за наследувањето, наследникот може да се откаже од наследство со изјава пред судот (нотарот) до завршувањето на расправата на оставината. Ваквата изјава има конститутивен карактер, бидејќи со неа наследникот кој е повикан на наследство одбива да го прими наследството и да се прифати за наследник. Одредбата од членот 128 став (2) од Законот за наследување предвидува дека „ова откажување важи и за потомците на оној што се откажал, ако не изјавил дека се откажува само од свое име“. Врз основа на ова, се разликуваат два вида негативни наследнички изјави. При давањето на изјавата со која се откажува од наследство, наследникот задолжително мора да биде поучен дека

може да се откаже од наследство само во свое име или во името на своите потомци, во согласност со член 170 став (6) од Законот за вонпарничната постапка.

**Првата негативна наследничка изјава** е изјавата со која наследникот се откажува од свое име и од името на своите наследници. Врз основа на оваа негативна наследничка изјава, потомците на наследникот кој се откажал од наследството не можат врз основа на правото на претставување да го наследат делот на нивниот предок. За ваква негативна наследничка изјава доволно е наследникот да изјави само дека се откажува од наследството. Според член 128 став (3) од Законот за наследувањето, ако потомците кои даваат наследничка изјава се малолетни, за ова откажување е потребно одобрение од органот за старателство.

**Втората негативна наследничка изјава е** изјавата со која наследникот изрично се откажува само од свое име. Како резултат на тоа, наследникот кој се откажал само од свое име се смета како да не бил никогаш наследник, во согласност со член 128 став (4) од Законот за наследувањето. Оваа негативна наследничка изјава подразбира дека наследникот не се откажува од името на своите потомци, кои во овој случај, врз основа на правото на претставување, ќе можат да се јават како потенцијални наследници. Во таа смисла, членот 135 од Законот за наследувањето пропишува дека „делот на законскиот наследник кој се откажал од наследство само во свое име се наследува како да умрел тој наследник пред оставителот".

Наследник нема да стане лице кое е повикано на наследство, а кое дало изјава за откажување од наследство.

Судска практика:

- Законскиот наследник кој во оставинската постапка дал негативна изјава, односно не се примил за наследник на оставината на своите родители, нема право да бара да се утврди дека по основ на наследство има право на сопственост на дел од оставината. Доколку законскиот наследник смета дека изјавата е дадена под принуда или измама или е фалсификувана, треба да се бара поништување на таквата изјава (Одлука на Окружниот суд во Скопје, Гж. 2230/77 од 20.II 1977 година).

- Изјавата за откажување од наследство или за прифаќање на наследството не може да се отповика; таа може само да се побива ако е дадена под принуда или закана или како резултат на измама и заблуда (Пресуда на Врховен суд на Југославија, Гз. 58/64 од 2.VI 1964 година).

- Мајката како застапник не може да се откаже од наследството во име на својата малолетна ќерка, без одобрение на органот за старателство (Решение на Врховниот суд на Србија, Гзз. 363/51 од 16.XI 1951 година).

Во македонското наследно право откажувањето од наследство не може да биде ниту делумно, ниту со услов. Наследничката изјава е единствена и целосна и се однесува за целокупната оставина, како во случај на прифаќање, така и во случај на откажување од наследството. Тоа произлегува од прифатениот концепт на универзална сукцесија (universitas), според која оставината од умрениот се пренесува во целост на неговите наследници. Во моментот на смртта на оставителот се отвора неговото наследство и сите негови имотни права и обврски преминуваат на неговите законски и тестаментални наследници. Притоа, наследниците се стекнуваат истовремено со имотните права и имотните обврски на оставителот во идеални, односно аликвотни делови. Ваквото начело не им предвидува можност за избор на наследниците, за одреден дел од оставината да дадат позитивна наследничка изјава, додека за пак за друг дел негативна наследничка изјава. Во таа смисла, наследничките изјави на наследниците кои се делумни се во спротивност со важечките законски одредби, поради што истите се ништовни. Ова се однесува и на наследничките изјави кои содржат одреден услов.

Според член 170 став (1) од Законот за вонпарничната постапка, наследникот може со наследничка изјава да го прифати наследството или да се откаже од наследството. Законот не предвидува можност за комбинирана наследничката изјава – во одреден дел од оставината позитивна, додека за друг дел од оставината негативна. Во таа смисла е и становиштето на судската практика, според која: **Делумното откажување од наследство не произведува правно дејство (Решение на Врховниот суд на Југославија, Рев. 2665/65 од 15.II 1966 година)**.

Откажувањето во корист на определен наследник не се смета како откажување од наследство, туку како изјава за отстапување на својот наследен дел. Ова откажување важи доколку наследникот во чија корист е тоа сторено го прифати тој дел од наследството, во согласност со член 131 од Законот за наследувањето. Изјавата за откажување од наследство или за примање наследство не може да се отповика, во согласност со член 133 став (1) од Законот за наследувањето. Во таа насока, наследникот што ја дал изјавата може единствено да бара да се поништи дадената наследничка изјава ако таа е предизвикана со присилба, со закана или е дадена поради измама или заблуда, во согласност со член 133 став (2) од Законот за наследувањето.

Судска практика:

- Изјавата за откажување од наследство во корист на лице кое не влегува во кругот на наследниците не произведува правно дејство. Одредбата од ЗН предвидува откажување од наследство само во корист на одреден наследник, но не и во корист на лице кое не е наследник. (Одлука на Врховниот суд на Македонија, Гзз. 35/67 од 19. I 1968 година).

- Кога тестаменталниот наследник дава изјава дека се прифаќа за наследник, може својот наследен дел да го отстапи на друг наследник на истиот оставител и судот таквото располагање ќе го уважи. Ова поради тоа што меѓу нужните и тестаменталните наследници постои наследничка заедница до делбата и за отстапувањето и примањето наследен дел е дозволено одлучување во оваа постапка (Одлука на Окружниот суд во Скопје, Гж. 157/78 од 23. V 1978 година).

- Давателот на издршката се стекнува со сопственост врз основа на договорот за доживотна издршка, а не по пат на наследување. Поради тоа, дадените изјави во оставинската постапка, во врска со наследувањето од давателот на издршката и од другите учесници во постапката, се без правно дејство (Одлука на Окружниот суд во Скопје, Гж. 5000/88 од 8. IX 1988 година).

2. Во членот 185 од Законот за вонпарничната постапка се уредени наследно-правните барања на наследниците за новопронајден имот на оставителот по правосилноста на решението за наследување. Според ставот (1), ако по правосилноста на решението за наследување дополнително се пронајде имот на оставителот кој не бил познат кога е донесено решението за наследување, новопронајдениот имот на оставителот судот ќе го распредели со ново решение врз основа на порано донесеното решение. Додека, пак, според ставот (2), ако наследник дал порано изјава дека се откажал од наследството, судот ќе го повика да даде нова наследничка изјава за новопронајдениот имот и неа ќе ја земе предвид при донесувањето на решението од ставот (1) на овој член.

Од цитираните законски одредби на членот 185 од Законот за вонпарничната постапка произлегува дека кога предмет на расправање е новопронајден имот на оставителот, нотарот е должен наследникот кој порано дал негативна наследничка изјава повторно да го повика да даде изјава за новопронајдениот имот. Иако одредбата од овој член не пропишува задолжителна обврска за повикување на наследниците кои порано дале позитивна наследничка изјава, сепак, по однос на новопронајдениот имот законот не забранува да бидат повикани да дадат наследничка изјава по однос на новопронајдениот имот.

Одредбата од членот 185 ја уредува само ситуацијата за претходно дадена негативна наследничка изјава, бидејќи сака да спречи ненадоместлива штета која може да настане за наследниците.

Законот за вонпарничната постапка децидно не ја уредува ситуацијата за повторно изјаснување на наследниците кои порано дале позитивна наследничка изјава, но самата одредба на посочениот член не значи и не треба да се толкува дека тоа го забранува.

СТРУЧЕН СОВЕТ НА НКРСМ
Претседател
Нотар Марјан Коцевски с.р.

Стручниот совет на Нотарската комора на Република Северна Македонија, во согласност со член 21 став (2) од Правилникот за работа на Стручниот совет на Нотарска комора на Република Северна Македонија, на седницата одржана на ден 17.3.2022 година, едногласно го усвои и Управниот одбор на Нотарската комора на Република Северна Македонија, на седницата одржана на ден 24.3.2023 година, едногласно го потврди следниов:

# ЗАКЛУЧОК

**1. Во согласност со Законот за комунални дејности, како комунална дејност/услуга за задоволување на индивидуалната потрошувачка спаѓа и „одведување на отпадните води од станбените и деловните објекти“.**

**2. Кога нотарот издава решение за нотарски платен налог, врз основа на веродостојна исправа за неплатен надоместок за одведување и третман на отпадни води од точка 1 на овој Заклучок, подносителот на предлогот е ослободен од обврската за плаќање судска такса за предлог, решение за нотарски платен налог и за приговор, без оглед на висината на износот на побарувањето.**

**3. Предлогот за издавање решение за нотарски платен налог за парично побарување во вкупен износ до 6.000 денари, кое произлегува од комуналната услуга „одведување и третман на отпадни води“ не мора задолжително да содржи адвокатски потпис и печат.**

**4. За издавање решение за нотарски платен налог за предметната комунална услуга до износот од точка 3 на овој Заклучок, на нотарот му припаѓа награда во износ од 10 % од вредноста на вкупното побарување. Доколку вредноста на вкупното побарување го надминува овој износ, нотарската награда се наплаќа во полн износ.**

## Образложение

Според член 5 став (1) точка 3) од Законот за комуналните дејности (Сл. весник на РМ бр. 95/2012), комунални дејности во смисла на овој закон се и изградба на канализационен систем, одведување и пречистување на отпадните води, под што се подразбира прифаќање на отпадните води од станбените, деловните, производните, административните и други објекти, а според член 14 став (2) во услуги за задоволување на индивидуалната потрошувачка спаѓа и одведувањето и пречистувањето на отпадните води.

Според член 68 став (3) алинеја 1 од Законот за нотаријатот (Сл. весник на РМ бр. 72/16, 142/16 и 233/18), предлогот за издавање решение за нотарски платен налог од страна на доверител за побарување кое произлегува од комунални услуги за вода, смет и одржување на заеднички простории за парично побарување од веродостојни исправи во вкупен износ до 6.000 денари, се поднесува непосредно до нотарот, без плаќање на обврската за судска такса.

Според член 75 став (2) од Законот за нотаријатот, нотарот не наплаќа судска такса за издавање нотарски платен налог за услуги кои произлегуваат од комунални дејности, телефонија, мобилни и

кабелски оператори, одржување на заеднички простории, наводнување и одводнување земјоделско земјиште, а според член 77 во постапката пред нотар за издавање решение за нотарски платен налог, со исклучок на случаите предвидени со член 68 став (3) (за предлог, решение и приговор), се плаќа судска такса согласно со Законот за судските такси, намалена според Законот за нотаријатот.

Според член 27 став (3) од Нотарската тарифа (Сл. весник на РМ бр. 226/16 33/19), за дејствијата за издавање нотарски платен налог по член 68 став (3) од Законот за нотаријатот, на нотарот му припаѓа награда во износ од 10 % од вредноста на вкупното побарување. Од оваа одредба произлегува дека нотарската награда во износ од 10 % од вредноста на вкупното побарување упатува само на исклучоците наведени во член 68 став (3) од Законот за нотаријатот. Доколку вредноста на вкупното побарување ги надминува износите, односно исклучоците од членот 68 став (3), тогаш нотарската награда се наплаќа во согласност со член 27 став (2) од Нотарската тарифа. Под терминот **„вкупно побарување“** се подразбира збир на **главниот долг и споредните побарувања** (камата и трошоци во постапката).

Поаѓајќи од цитираните законски и подзаконски решенија, произлегува дека **„одведување на отпадните води“** спаѓа во комунални дејности, поради што подносителот на предлог за издавање решение за нотарски платен налог е ослободен од обврска за плаќање судска такса за предлог, за издавање решение за нотарски платен налог и за приговор. Исто така, предлогот за парично побарување во вкупен износ до 6.000 денари, кое произлегува од комуналната услуга „одведување и третман на отпадните води“ не мора задолжително да содржи адвокатски потпис и печат, во согласност со член 68 став (3) од Законот за нотаријатот

СТРУЧЕН СОВЕТ НА НКРСМ
Претседател
Нотар Марјан Коцевски с.р.

Стручниот совет на Нотарска комора на Република Северна Македонија, во согласност со член 16 став (5) од Правилникот за работа на Стручниот совет на Нотарска комора на РСМ, на 21. седница одржана на ден 26.9.2022 година и во продолжение на 4.10.2022 година, едногласно ги утврди и Управниот одбор на Нотарската комора на Република Северна Македонија, на седницата одржана на ден 24.3.2023 година, едногласно ги потврди следниве:

# О Д Г О В О Р И

## НА ПРАШАЊА ПОСТАВЕНИ НА НОТАРСКИ ДЕНОВИ 4–5 јуни 2022 г., х. Изгрев, Струга

1. **ПРАШАЊЕ:** Има формулари каде што покрај осигуреникот стои и името на брачниот другар, за кој на Фондот му е битно дали и тој е жив или не, поради некои бенефиции во исплатата на пензијата. Се работи за една потврда за живот, а се потврдува за двајца. Колку изнесува нотарската награда и судската такса за издавање потврда за живот?

**ОДГОВОР:** Надлежноста на нотарот за составување потврда за живот е уредена во член 88 од Законот за нотаријатот, кој гласи:

*„(1) Нотарот може да потврди дека некој е жив ако неговиот идентитет го утврдил согласно со одредбите од овој закон.*

*(2) Во потврдата ќе се наведе дека лицето било присутно пред нотарот, со назначување на денот, месецот и годината, а на барање на учесникот, и часот и на кој начин е утврден неговиот идентитет.“*

Според оваа законска одредба, нотарот треба да состави посебна потврда за живот, која ќе се заведе во УЗП уписникот. Доколку е приложен и формулар на јазик кој го познава нотарот, тогаш потврдата составена од нотарот ќе се спои со формуларот, на кој нотарот ќе го стави својот потпис и службениот (кружен) печат.

Во ситуација, пак, кога со еден формулар е побарано да се потврди дека се живи две лица, тогаш нотарот ќе состави две посебни потврди за секое од лицата, и таквите потврди ќе ги спои со приложениот формулар, на кој нотарот ќе го стави својот потпис и службениот (кружен) печат. Во ваков случај, нотарската награда ќе се наплати поединечно, односно 500 денари по изготвена потврда.

Нотарската награда за составување потврда за живот во износ од 500 денари е пропишана во член 37 од Нотарската тарифа.

Судска такса за преземање на ова службено дејствие не се наплатува согласно со Тарифен број 10, забелешка точка 3 од Законот за судските такси.

Теркот на потврда за живот е прилог 1 кон овие Одговори.

2. **ПРАШАЊЕ:** При заверка на потврда за живот, дали може системот МојНотар да дава штембил за тоа дејствие?

**ОДГОВОР:** Нотарот мора да изготви посебна потврда дека некој е жив, како што е веќе одговорено во точката 1. За ова дејствие не може да се изготвува штембил, бидејќи прашањето за составување потврда дека некој е жив е уредено во член 88 од Законот за нотаријатот.

3. **ПРАШАЊЕ:** Во постапка за пренос на удел или акции се врши заверка на потпис или солемнизација?

**ОДГОВОР:** Според член 3 точка 17) од Законот за трговските друштва, *„Изјава заверена кај нотар“ е изјава чијшто потпис е заверен кај нотар;*

Според член 197 став (4) од ЗТД е уредено дека уделот се пренесува со договор за пренос на удел заверен кај нотар.

Во сите одредби од ЗТД кои ја регулираат оваа материја, законот оперира со терминот заверка на потписи, па произлегува дека минимум форма на Договорот за пренос на удел е да биде заверен од нотар во согласност со член 86 од Законот за нотаријатот.

Но, тоа не значи дека овој договор не може да биде составен во форма на јавна исправа (нотарски акт или солемнизација) од нотар, особено доколку договорот содржи извршни клаузули.

4. **ПРАШАЊЕ:** Често при УЗП заверки на Договори за пренос на удел помеѓу лица кои не се блиски роднини, во договорите стои дека уделот се пренесува без надоместок или за незначителна мала сума. Бидејќи овие преноси подлежат на персонален данок, дали нотарот треба да ја одбие заверката на договорите (целта е да не им се помага на странките во избегнување данок)?

**ОДГОВОР:** Во согласност со одредбите на Законот за нотаријатот и на Законот за трговските друштва, нотарот може да завери потпис на Договор за пренос на удел (паричен или непаричен) без надомест.

Според член 86 од Законот за нотаријатот, при склучување Договор за пренос на удел, во постапката пред нотар се врши заверка на потписи, без да се впушта нотарот во содржината на Договорот и овластувањата на учесниците, ниту пак да бара докази за платени даноци, царини и придонеси.

Според член 197 став (1) од Законот за трговските друштва, содружниците слободно располагаат со уделите под условите утврдени во договорот за друштвото, преносот на удел може да биде извршен на повеќе начини, како на пример, со договор за продажба на уделот или размена, подарок, внесување удел како влог во некое друштво, порамнување пред судот или надвор од судот итн., според ставот (4) од истиот член, уделот се пренесува со договор за пренос на удел заверен кај нотар, а според ставот (7) е утврдено дека содружниците во друштвото кои должат по основ на неплатени даноци, царини и придонеси не можат да купуваат, ниту да вршат пренос на удели во своето или во други трговски друштва.

При заверка на договор за пренос на удел, нотарот треба да ги има предвид и обврските кои произлегуваат од Законот за спречување перење пари и финансирање натероризам.

Доколку нотарот се посомнева или има сознанија дека станува збор за симулиран или фиктивен договор, треба да одбие да го завери договорот во согласност со член 30 став (2) од Законот за нотаријатот, кој гласи:

*„(2) Нотарот е должен да одбие преземање службено дејствие ако тоа е неспојливо со неговата службена должност, а особено ако неговото учество се бара за постигнување очигледно недозволени цели.“*

За одбивање на преземање службено дејствие веќе е воспоставена судска практика, според која потврдени се решенијата на нотарите за одбивање на преземање службено дејствие – заверка на договор за пренос на удел, затоа што тиебиле сомнителни и потврдени се решенијата на Комората, во кои е заземено становиште дека нотарите правилно постапиле кога одбиле да ги заверат такви договори за пренос на удел.

5. **ПРАШАЊЕ:** Дали нотарот при заверка на договори за возила треба да ја има предвид купопродажната сума која е наведена во договорите, која може да биде далеку под вистинската (намерата на странките е да не ги поминат парите преку банка)?

**ОДГОВОР:** Со договорите за продажба на моторни возила не е предвидено да се поднесуваат официјални проценки на возилата, ниту пак постои законска одредба која предвидува такво нешто, според кои нотарот може или е должен да ја утврди точната пазарна цена. Поради тоа, нотарот не смее без оправдани причини да одбие заверка на вакви договори, каде што странките договорно ја уредуваат купопродажната цена.

Доколку во вакви ситуации постојат индикатори за сомневање за перење пари, тогаш нотарот треба да ја одбие трансакцијата во согласност со член 46 став (1) од Законот за спречување перење пари и финансирање натероризам.

6. **ПРАШАЊЕ:** Дали може да се заверуваат како преписи тековните состојби кои се електронски документи?

**ОДГОВОР:** Според Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги, електронскиот документ кој е испечатен се смета за копија, што значи дека нотарот не смее да завери тековна состојба во електронски облик, која е испечатена и му е донесена од странка.

Верификацијата на печатена форма на електронски документ е уредена во член 10 од истиот закон, според кој електронскиот документ репродуциран на кој било печатен медиум ја има истата правна и доказна сила како оригиналниот документ доколку се исполнети следните два услова:

1) умножувањето на електронскиот документ е извршено под надзор или од страна на физичко лице или овластено лице на правно лице кое го создало документот, и

2) печатењето на документот е извршено на начин што идентичноста на електронскиот документ со печатениот документ се потврдува со своерачен потпис на физичко лице или овластено лице на правно лице.

7. **ПРАШАЊЕ:** Дали треба да се вади тековна за вистински сопственик кога основач и управител е едно исто лице?

**ОДГОВОР:** Без оглед на тоа што станува збор за едно исто лице кое е основач и управител, нотарот треба да извади тековна состојба за вистински сопственик во согласност со член 19 од Законот за спречување перење пари и финансирање натероризам.

8. **ПРАШАЊЕ:** При заверка на потпис на двострани правни дела, какви било договори кои ги склучуваат правни лица, дали нотарот треба да прибави тековна состојба за вистински сопственик на правното лице?

**ОДГОВОР:** Треба да се прибави тековна состојба за вистински сопственик за двајцата клиенти, односно за двете странки кои се правни лица.

9. **ПРАШАЊЕ:** При заверка на потписи честопати личната карта на подносителот е со 3 X, која асоцира дека се работи за неписмено лице, иако не е така. Образложението најчесто е дека во моментот на вадење на личната карта, лицето не можело да оди во МВР (на пр. поради болест и сл.), па лица од МВР доаѓаат и го сликаат и по автоматизам се пишуваат 3 X. Дали во овие случаи лицата треба да се третираат како неписмени?

**ОДГОВОР:** Тоа што во личната карта стојат три X не значи дека лицето е неписмено.

Кај заверките не е пропишано присуство на двајца сведоци кога лицето чиј ракознак се заверува е неписмено, туку нотарот е должен пред да го завери потписот или ракознакот да му го прочита писменото и да констатира дека му го прочитал писменото во согласност со член 86 став (6) од Законот за нотаријатот.

Сведоци за неписмено лице се предвидени само кај нотарските исправи, во согласност со членовите 40 и 59 од Законот за нотаријатот.

10. **ПРАШАЊЕ:** При заверка на преводите, нотарот ги копира странските документи и обратно македонските, ако има превод на странски јазик, за кое дејствие не е предвиден материјален трошок, па дали има потреба да прикачуваме копија воопшто и дали треба да се прикачува решението од преведувачот?

**ОДГОВОР:** Постапката за заверка на превод е уредена во член 85 од Законот за нотаријатот.

Според ставот (3), својството на судски преведувач од ставот (2) на овој член се утврдува врз основа на решение за овластен судски преведувач издадено од Министерството, кое не се приклучува кон преводот или со увид во списокот на овластени судски преведувачи, објавен на веб страницата на Министерството, а според ставот (4), нотарот својата потврда ќе ја стави на преводот од исправата, кој ќе го спои со фотокопија од преведената исправа.

Додека не се предвиди во Нотарската тарифа одредба за материјален трошок за копирање, нотарот нема право на трошоци, каков што е случајот со преписите за кои има посебна одредба.

11. **ПРАШАЊЕ:** Да се утврди точно тарифата – нотарската награда кога се работи за обичен препис на фотокопија на препис од архива на нотар, препис од нотарски акт, издавање извод од нотарски акт?

**ОДГОВОР:** - За заверка на фотокопија на нотарот му припаѓа награда во износ од 100 денари, без оглед на тоа колку страници содржи документот, во согласност со член 31 од Нотарската тарифа.

- За заверка на препис на нотарот му припаѓа награда од 100 денари за секоја страница заверен препис од исправата до три страници, а ако исправата се состои од четири или повеќе страници, покрај наградата од 100 денари, на нотарот му припаѓа награда во висина од 60 денари за четвртата и за секоја наредна страница од заверениот препис од исправата, во согласност со член 32 од Нотарската тарифа.

- За повторно издавање изводи, преписи и извадоци од нотарска исправа, на нотарот му припаѓа награда од 150 до 1.200 денари, во зависност од големината на изводот или преписот, бројот и големината на прилозите и времето потребно за неговото издавање, во согласност со член 45 од Нотарската тарифа.

- За издавање заверени исправи во форма на препис или заверена фотокопија од архивата на нотарот, а по барање на странка, на нотарот му припаѓа награда во износ од 60 денари од страница, во согласност со член 46 став (2) од Нотарската тарифа.

12. **ПРАШАЊЕ:** Зошто при заверка на договори за закуп на печатот за заверка не треба да стои нотарската награда по член 55 од Нотарската тарифа, туку треба да се евидентира само во системот МојНотар?

**ОДГОВОР:** Содржината на штембилот за заверка на потпис е уредена со Правилник, според кој во штембилот се внесува само износот на наградата кој е предвиден за заверката на потпис. Наградата за преземање дејствија за спроведување во јавна книга е дополнително дејствие, кое не треба да стои во штембил, туку се евидентира во електронскиот уписник.

13. **ПРАШАЊЕ:** Дали нотарот смее да завери потписи на договор за заедничка делба на имот стекнат во брак?

**ОДГОВОР**: Нотарот не може и не смее да завери потпис на договор за заедничка делба на имот стекнат во брак, бидејќи за овие договори е пропишана строга форма – нотарски акт, во согласност со член 213 од ЗВП.

14. **ПРАШАЊЕ:** Дали нотарот смее да завери потпис на исправа составена на странски јазик?

**ОДГОВОР:** Не постои забрана во Законот за нотаријатот за заверка на потпис на исправа составена на странски јазик, доколку нотарот го разбира јазикот толку за да може да ги пополни рубриките во УЗП уписникот, во согласност со член 86 став (4) од Законот за нотаријатот.

За разлика од заверката на потпис на исправа составена на службен јазик, за преземање на ова дејствие не постојат одредби во Правилникот кои ја уредуваат постапката за заверка.

15. **ПРАШАЊЕ:** Дали при УЗП заверка на ракознак на приватна исправа за правни работи чија вредност не надминува 5.000 евра во денарска противвредност, кога некој од учесниците е неписмен или не може да пишува е потребно присуство на двајца сведоци?

**ОДГОВОР:** Во ваков случај не се потребни двајца сведоци, ниту пак такво нешто е предвидено во член 86 од Законот за нотаријатот.

Во согласност со член 59 од Законот за нотаријатот, присуство на двајца сведоци е предвидено кога некој од учесниците е неписмен или не може да пишува, и тоа само при составување нотарски акт.

16. **ПРАШАЊЕ:** Дали при заверка на документи во УЗП уписникот кога идентитетот се утврдува со сведоци, а сведоците не се потпишани на документот, туку само во книгата, е правилно постапување?

**ОДГОВОР:** Според член 21 став (1) рубрика 5 од Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обнова на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање други формални дејствија (Сл. весник на РМ бр. 226/16, 80/2017 и 110/2018) е уредено дека во рубриката се констатира „со сведоци на идентитет", а во посебни колони за секој сведок поединечно, под ист број на упис, се внесуваат личните податоци на сведоците кои се потпишуваат во Книгата за потписи, видот, бројот и органот што го издал важечкиот документ за идентификација со кој се утврдува нивниот идентитет.

17. **ПРАШАЊЕ:** Дали е задолжителна заверка на потпис на содружниците (основачите) на друштво на Одлуката во друштво кое се јавува како продавач на имот, закуподавач или заложува имот?

**ОДГОВОР:** Во согласност со Законот за трговските друштва не е задолжителна заверка на потпис, под услов тоа да не е предвидено во Статутот, подзаконските акти и договорот за основање.

18. **ПРАШАЊЕ:** Кај договорите за продажба, поклон и закуп, кога едната страна е правно лице и потпишува преку полномошник, дали договорот мора да има печат?

**ОДГОВОР:** Договорите каде што едната страна е правно лице, а кои се потпишани преку полномошник, не мора да имаат печат.

19. **ПРАШАЊЕ:** Дали странски државјанин може да преземе правно дејство, односно заверка на потпис, препис, превод (или нотарски акт-изјава, полономошно) со странска лична карта или исклучиво со патна исправа? Ова бидејќи во конкретниот случај странката е од Унгарија, која граница поминала со унгарска лична карта и сакала да завери изјава во форма на нотарски акт.

**ОДГОВОР:** За ова прашање е донесено Правно мислење од Стручниот совет, потврдено од Управниот одбор, а кое гласи:

1. Во постапка пред нотар, за составување нотарска исправа или заверка, валиден документ

со кој се утврдува идентитетот на учесникот (физичко лице) е ВАЖЕЧКА ЛИЧНА КАРТА или ПАТНА ИСПРАВА, во согласност со член 57 став (1) од Законот за нотаријатот.

Ако идентитетот не може да се утврди на овој начин или ако нотарот се посомнева во идентитетот на учесникот, тогаш идентитетот ќе биде посведочен од двајца сведоци кои ги исполнуваат законските услови да бидат сведоци. Сведоците мора да се легитимираат со ВАЖЕЧКА ЛИЧНА КАРТА или ПАТНА ИСПРАВА и пред нотарот да изјават дека лично го познаваат учесникот.

2. Доколку во постапките од точка 1 како учесник се јавува странско (физичко) лице, валиден документ со кој се утврдува неговиот идентитет претставува:

- Патна исправа на државата чиј државјанин е,
- патна исправа за странци,
- дозвола за престој (постојан или привремен),
- дипломатска лична карта,
- службена лична карта,
- конзуларна лична карта,
- специјална лична карта, или
-друга јавна исправа која содржи фотографија од која може да се утврди неговиот идентитет.

Исправите за докажување идентитет на странец се издаваат и се регулирани со член 181 став (1) од Законот за странци.

20. **ПРАШАЊЕ:** Лице бара заверка на потпис со Образец ЗП потребен за основање фирма, каде што потписникот/управителот е странско лице (дали се врши само заверка на потпис на ЗП Обрзецот?).

Во која форма треба да биде склучен Договор за закуп на стан во кој закуподавач е домашно физичко лице, додека закупопримач е странско физичко лице?

**ОДГОВОР:** Кај поднесен ЗП образец, нотарот врши заверка на потписот ставен на образецот, без оглед на тоа дали потписникот е домашно или странско физичко лице.

Според член 86 став (6) од Законот за нотаријатот е уредено следново: *Ако учесникот е слеп или не знае да чита, нотарот ќе му го прочита писменото пред да му го завери потписот или ракознакот. Ако учесникот не го знае јазикот на кој е напишано писменото, писменото ќе му го прочита судскиот преведувач, и тоа ќе се наведе во забелешката од Уписникот.*

Тоа што одредена странка е странец, односно не го знае јазикот, не влијае на формата на договорот

21. **ПРАШАЊЕ:** При утврдување на идентитет на странка со податоци од лична карта или патна исправа, дали нотарот при внесување во системот МојНотар и при составување на солемнизации/нотарски акти смее да ја пренесе изворно исправата (со латинични букви) или да ја пишува со кирилично писмо?

**ОДГОВОР:** Податоците во нотарските исправи и во нотарските деловни книги се внесуваат идентично како што се наведени во изворната исправа за идентификација и според правилата за транскрипција.

СТРУЧЕН СОВЕТ НА НКРСМ
Претседател
Нотар Марјан Коцевски с.р.

ПРИЛОГ 1: Потврда за живот

Република Северна Македонија
УЗП бр.________/22
Н О Т А Р
________________________________

За подрачјето на Основниот суд во
________________________________
Ул. ____________________________
____________ 2022 година

Јас, нотар _________, за подрачјето на Основниот суд во _________ со службено седиште на ул._________, потврдувам дека на ден _________ година во мојата нотарска канцеларија пристапи лицето ____ заради потврдување на фактот дека е жив/а и составување на Потврда за живот.------------

Идентитетот на учесникот го утврдив самиот и тоа:------------------------------------------------------------------ _________________, родена на ден ________ година во ________, со живеалиште во _____________ на ул. ________________, чиј идентитет го утврдив со увид во лична карта/патна исправа број ____________ и ЕМБГ __________ издадена од МВР ____________ на ден ____________ година.---------------------------------

Откако лично се уверив во идентитетот на учесникот, во неговата сериозна и вистинска волја, како и дека учесникот е способен и овластен за преземање на оваа правна работа и ја објаснив целта и ја поучив за правните последиците од оваа правна работа, врз основа на член 88 од Законот за нотаријатот (Службен весник на Република Македонија 72/16, 142/16 и 233/18) во присуство на ____________ пред мене како нотар, ја составив следната ----------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------П О Т В Р Д А  З А  Ж И В О Т------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Јас, нотар _____________ ПОТВРДУВАМ дека на ден _____________ година во _____ часот, лицето ____________, роден/а на ден __________ година во __________, со живеалиште во _________ на ул. ______________, чиј идентитет го утврдив со увид во лична карта/патна исправа број __________ и ЕМБГ _________ издадена од МВР ___________ на ден _______ година е ЖИВ/А.-------------------------------

Откако лично ја прочитав оваа потврда, учесникот, изјави:-----------------------------------------------------------

Потврдувам дека го сфатив значењето на оваа правна работа, па со истата изрично се согласувам, под условите и на начинот наведени во потврдата која ми е прочитана и на која немам никакви забелешки, и во знак на согласност со нејзината содржина истата своерачно ја потпишувам.----------------

(Славко Славковски) ________________________________________

/цело име и презиме и скратен потпис/------------------------------------------------------------------------------------

Оваа потврда составена од моја страна е сочинета од еден лист на една страница.-------------------------

Изворникот на оваа исправа се наоѓа во архивата на нотарот, а на учесникот е издаден еден примерок за него и еден примерок за службени потреби.---------------------------------------------------------------------------

Нотарска такса не се наплатува согласно Тар. бр. 10, забелешка, точка 3 од ЗСТ.-----------------------

Нотарска награда е пресметана по член 37 од Нотарската тарифа, во износ од 500 денари.--------

УЗП.бр.________/22-------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Во Скопје, ___________ година-------------------------------------------------------------------------------------------------

НОТАР

______________

# ГЛАВА IV >>

## ОДЛУКИ ЗА ИЗБОР НА ОРГАНИ НА НОТАРСКА КОМОРА (мандатен период 2023-2026 година)

Врз основа на член 121 став 1) точка в) од Законот за нотаријатот, член 13 став (1) алинеја 2 од Статутот на Нотарската комора и член 28 став (2) од Правилникот за работа на Собранието на Нотарската Комора на Република Северна Македонија, Собранието на Нотарската комора на РСМ, едногласно со 175 гласа ЗА, по пат на јавно гласање на ден 13 мај 2023 година, ја донесе следнава:

# О Д Л У К А

## ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НОТАРСКАТА КОМОРА НА РСМ

1. За Претседател на Нотарската комора на Република Северна Македонија е избран МЕТОДИЈА РИСТОСКИ – НОТАР ОД СКОПЈЕ.

2. Мандатот на избраниот Претседател на Нотарската комора на Република Северна Македонија започнува од 4 јули 2023 година и трае 3 години.

3. Претседателот на Нотарската комора е воедно и Претседател на Управниот одбор на Нотарската комора на Република Северна Македонија.

4. Претседателот на Нотарската комора на Република Северна Македонија своите права и обврски ќе ги остварува во согласност со Уставот на РСМ, законските прописи, подзаконските акти, Статутот на Нотарската комора и актите на Комората.

5. Одлуката влегува во сила веднаш со нејзиното донесување.

Изборна комисија на НКРСМ
Претседател
Нотар Ана Јолакоска с.р.

Врз основа на член 121 став 1) точка в) од Законот за нотаријатот, член 13 став (1) алинеја 1 од Статутот на Нотарската комора на Република Северна Македонија и член 25 став (1) алинеја 2 од Правилникот за работа на Собранието на Нотарската Комора на Република Северна Македонија, а врз основа на резултатите од спроведените Избори за органи и тела на Нотарската комора на Република Северна Македонија за мандатен период 2023 – 2026 година, Собранието на Нотарската комора на ден 13 мај 2023 година, ја донесе следнава:

# О Д Л У К А

## ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВЕН ОДБОР НА НОТАРСКАТА КОМОРА НА РСМ

1. За членови на Управен одбор на Нотарската комора на Република Северна Македонија избрани се:

- Ајрули Фатмир – нотар од Скопје, од Апелационо подрачје Скопје,
- Петровска Ангеловска Александра – нотар од Битола, од Апелационо подрачје Битола,
- Андоновски Ванчо – нотар од Скопје, од Апелационо подрачје Скопје,
- Ваневска Лорија – нотар од Куманово, од Апелационо подрачје Скопје,
- Велеска Наташа – нотар од Прилеп, од Апелационо подрачје Битола,
- Иванов Владимир – нотар од Кочани, од Апелационо подрачје Штип,
- Незири Ариф – нотар од Тетово, од Апелационо подрајче Гостивар,
- Николов Ѓорѓи – нотар од Гевгелија, од Апелационо подрачје Скопје,
- Рибарева Лидија – нотар од Штип, од Апелационо подрачје Штип,
- Трипуноски Ненад – нотар од Тетово, од Апелационо подрајче Гостивар.

2. Мандатот на избраните членови на Управниот одбор на Нотарската комора на Република Северна Македонија започнува од 4 јули 2023 година и трае 3 години.

3. Членовите на Управниот одбор на Нотарската комора на Република Северна Македонија своите права и обврски ќе ги остваруваат во согласност со Уставот на РСМ, законските прописи, подзаконските акти, Статутот на Нотарската комора и актите на Комората.

4. Во согласност со член 30 став (3) од Правилникот за работа на Собранието на Нотарската комора, на нотар Ариф Незири со отпочнувањето на мандатот за член во Управниот одбор му престанува функцијата член на Комисијата за вршење надзор над примената на одредбите од Законот за спречување перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање тероризам.

5. Во согласност со член 30 став (3) од Правилникот за работа на Собранието на Нотарската комора, на нотар Александра Петровска Ангеловска со отпочнувањето на мандатот за член во Управниот одбор ѝ престанува функцијата член на Комисијата за спроведување конкурс за именување нотари.

6. Одлуката влегува во сила веднаш со нејзиното донесување.

Изборна комисија на НКРСМ
Претседател
Нотар Ана Јолакоска с.р.

Врз основа на член 121 став 1) точка в) од Законот за нотаријатот, член 13 став (1) алинеја 4 од Статутот на Нотарската комора на Република Северна Македонија и член 25 став (1) алинеја 4 од Правилникот за работа на Собранието на Нотарската Комора на Република Северна Македонија, а врз основа на резултатите од спроведените Избори за органи и тела на Нотарската комора на Република Северна Македонија за мандатен период 2023 – 2026 година, Собранието на Нотарската комора на ден 13 мај 2023 година, ја донесе следнава:

# О Д Л У К А

## ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА НАДЗОРЕН ОДБОР НА НОТАРСКАТА КОМОРА НА РСМ

1. За членови на Надзорен одбор на Нотарската Комора на Република Северна Македонија избрани се:

- Абдили Лирим – нотар од Тетово, од Апелационо подрачје Гостивар;
- Живачки Даниел – нотар од Куманово, од Апелационо подрачје Скопје;
- Китановска Светлана – нотар од Кочани, од Апелационо подрачје Штип.

2. Мандатот на избраните членови на Надзорниот одбор на Нотарска комора на Република Северна Македонија започнува од 4 јули 2023 година и трае 3 години.

3. Членовите на Надзорниот одбор на Нотарската комора на Република Северна Македонија своите права и обврски ќе ги остваруваат во согласност со Уставот на РСМ, законските прописи, подзаконските акти, Статутот на Нотарската комора и актите на Комората.

4. Одлуката влегува во сила веднаш со нејзиното донесување

Изборна комисија на НКРСМ
Претседател
Нотар Ана Јолакоска с.р.

Во согласност со членовите 15 став (1) алинеја 1 и 18 од Статутот на Нотарската комора на Република Северна Македонија и член 5 став (1) од Правилникот за работа на Стручниот совет на Нотарската комора на Република Северна Македонија, Управниот одбор на Нотарската комора на Република Северна Македонија на I. редовна (конститутивна) седница одржана на 7.7.2023 г. едногласно ја донесе следнава:

# О Д Л У К А

1. За членови на Стручниот совет на Нотарската комора за мандатен период 2023 – 2026 година се именуваат Марјан Коцевски – нотар од Куманово, Оливера Пешиќ – нотар од Скопје, Ангел Ристов – професор на Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, Теофил Томановиќ – судија во пензија и д-р Фиданчо Стоев – судија во пензија.

2. За надворешни соработници на Стручниот совет на Нотарската комора се именуваат Наталија Донева – судија на Основен граѓански суд Скопје, Александар Шопов – судија во Основен суд Велес, Антоанета Димовска – судија во Основен граѓански суд Скопје, Илир Сулејмани – претседател на Основен граѓански суд Скопје и судија Ирена Костадинова Ангелова – судија на Основен граѓански суд Скопје.

3. Во согласност со член 5 став (1) од Правилникот за работа на Стручниот совет на Нотарската комора на Република Северна Македонија, мандатот на Стручниот совет започнува да тече од денот на конституирање на Стручниот совет и трае 3 години.

4. Одлуката стапува во сила веднаш со нејзиното донесување.

Управен одбор на НКРСМ
Претседател
Нотар Методија Ристоски с.р.

Во согласност со членовите 15 став (1) алинеја 5 и 23 ставовите (2) и (3) од Статутот на Нотарската комора на Република Северна Македонија, Управниот одбор на Нотарската комора на Република Северна Македонија на II. редовна седница одржана на 15.9.2023 г. едногласно ја донесе следнава:

# ОДЛУКА

1. За членови на Редакцискиот одбор на Нотарската комора од редот на нотарите се именуваат нотар Игор Ефремоски од Прилеп, нотар Лидија Симонова Трајчева од Штип, нотар Вјолца Мехмеди од Гостивар и нотар Цеца Малева Стоев од Гевгелија.

2. За членови на Редакцискиот одбор од редот на истакнати правници се именуваат Садула Изаири – судија во Основен суд Тетово, д-р Горан Коевски и д-р Дејан Мицковиќ – професори на Правниот факултет „Јустинијан Први“.-Скопје.

3. За главен и одговорен уредник се избира нотар Игор Ефремоски од Прилеп.

4. Мандатот на Редакцискиот одбор започнува да тече по истекот на мандатот на претходниот состав, а трае три години, во согласност со член 29 од Статутот на Нотарската комора на Република Северна Македонија.

5. Одлуката стапува во сила веднаш со нејзиното донесување.

Управен одбор на НКРСМ
Претседател
Нотар Методија Ристоски с.р.

# ГЛАВА V >>

## ИНФОРМАЦИИ ЗА НОТАРИ

# НОВОИМЕНУВАНИ НОТАРИ ВО 2023 ГОДИНА
(45-ти Конкурс)

1. **АРЛИНД АЈДИНИ** - нотар за подрачјето на Основниот суд во Кичево;
2. **ГОЦЕ ПАВЛОВСКИ** - нотар за подрачјето на Основниот суд во Ресен;
3. **АНА ВЕСОВА** - нотар за подрачјето на Основните судови на градот Скопје;
4. **ДУШКО ВЕСКОВСКИ** - нотар за подрачјето на Основните судови на градот Скопје;
5. **ДРИТОН ЗИБЕРИ** - нотар за подрачјето на Основните судови на градот Скопје.
6. **ЛУИЗА КАБА ИСАКУ** - нотар за подрачјето на Основниот суд во Струга;

# НОТАРИ НА КОИ ИМ ПРЕСТАНАЛА СЛУЖБАТА

Во согласност со член 18 став (1) точки б) и в) од Законот за нотаријатот во текот на 2023 година, им престана службата на следниве нотари:

1. Нотар **Ахмет Халими,** именуван за подрачјето на Основниот суд во Кичево,
2. Нотар **Џеват Бучи,** именуван за подрачјето на Основните судови на градот Скопје,
3. Нотар **Драган Иванов,** именуван за подрачјето на Основните судови на градот Скопје,
4. Нотар **Менче Златковска,** именувана за подрачјето на Основниот суд во Кочани,
5. Нотар **Јован Ѓорѓовски,** именуван за подрачјето на Основниот суд во Берово,
6. Нотар **Мирче Ристески,** именуван за подрачјето на Основниот суд во Охрид,
7. Нотар **Виолета Петровска Стефановска,** именувана за подрачјето на Основните судови на градот Скопје,
8. Нотар **Иса Ајдини,** именуван за подрачјето на Основниот суд во Кичево,
9. Нотар **Мери Весова,** именувана за подрачјето на Основните судови на градот Скопје,
10. Нотар **Боге Дамески,** именуван за подрачјето на Основниот суд во Прилеп и
11. Нотар **Лидија Смиљаноска,** именувана за подрачјето на Основните судови на градот Скопје